**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 55-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Данаил Дончев, Тале Герамитчиоски, Радмила Шекеринска, Фијат Цаноски, Слободан Најдовски, Али Ахмети, Фазли Велију и Садула Дураку ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со расправата по **Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.**

Има збор пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Ова е продолжение од расправата што ја започнавме минатата недела за ребалансот на Буџетот што го предлага Владата. Ова се стенографските белешки од експозето на министерот Славески, кој освен ова експозе, при отворањето на седницата и поздравите во име на Владата кои ни ги упати на почетокот на седницата, во текот на двата дена расправа на ниту еден пратеник на опозицијата иако седеше цело време во салата, не почувствува потреба да се јави за збор, за објаснување, за одговор на бројните дискусии, прашања кои беа поставени до Владата и до министерот во врска со конкретни работи кои се однесуваат на економската политика, односно причините за ребалансот на Буџетот. Се надевам дека тоа така нема да продолжи и дека вистинската функција на министерот е овде да соработува со пратениците, односно да одговара пред Парламентот за она што се нарекува политика на Владата, посебно за оние конкретни работи за одредени ставки во Буџетот за кои опозицијата искажа огромни резерви и критики. Веднаш после пасусот каде што во стенограмот министерот ни ги упатува срдечните поздрави од Владата се вели, цитирам: "Имајќи во вид дека Владата најтранспарентно ги прибира и троши средствата од граѓаните, чест ми е да ве повикам на конструктивна дискусија и заедничко разгледување на вашите предлози и сугестии". Ние немавме заедничка дискусија, имавме еднострана дискусија како што реков, од министерот немаше никаква активност во дискусијата.

Сега да преминеме на суштината. Министерот вели дека најтранспарентно оваа Влада ги трошела средствата. Мислам дека целата македонската јавност знае дека опозицијата отвори повеќе можни афери и скандали, за кои државните институции не преземаа соодветни активнсоти да ги испитаат наводите на опозицијата за нетранспарентното трошење на државните пари од страна на Министерството за финансии, од страна на Владата и други државни институции кои се однесуваат пред се на склучување непосредни спогодби во 4 очи за кои на оваа Влада додека беше во опозиција и беше полна устата критикувајќи ја минатата Влада, сега гледаме дека наместо да биде за пример се однесува уште полошо. Понатаму, за трошење пари за рекламни кампањи, што е омилена тема на Владата за вештачко одржување на нејзиниот рејтинг и т.н. Бидејќи ова го кажува министерот за финансии дека Владата најтранспарентно ги троши парите, ние уште при донесувањето на Буџетот за 2007 година пред повеќе од половина година овде јавно му го поставивме прашањето од кои ставки на Буџетот и во кој износ на пример се трошат парите за плаќање на трошоците на министри во Владата на Република Македонија за нивните имоти во странство, за одржувањето, за плаќањето на кредитите, кои според наши проценки се во милијонски суми на евра. Значи и тогаш и сега министерот остана нем за тоа, нема никаков одговор, нема никакво образложение, и во самиот Буџет тогаш немаше ништо напишано во врска со тоа и сега во ребалансот, а премиерот тогаш одговори дека тоа било наводно, парафразирам, заради повисоки државни интереси, наводно дека тие господа многу ќе придонеле за Македонија, ќе привлекле странски инвестиции и Република Македонија и граѓаните ќе живееле многу побогато. Се разбира ништо од тоа не можеме да видиме, ништоод тоа не се случува, инвестиции нема, а во меѓувреме опозицијата пред неколку месеци поднесе претставка до Уставниот суд за преиспитување на членот 12 од Законот за извршување на Буџетот, каде што е предвидено да се исплаќаат вакви средства на одделни министри во Владата, кои за разлика од многуте граѓани во Република Македонија кои мораат да бираат меѓу повеќе лоши работи, овие министри ја имаат привилегијата ем да бидат министри, тоа да им остане во нивната биографија за понатаму за нивните кариери во странство, ем да земаат министерски плати, ем да не си ги трошат тие пари за плаќањето на трошоците за одржување на нивните имоти и евентуални кредити, не знаеме, ќе испитаме и бидејќи, како што вели премиерот, на лагата и се кратки нозете, а вистината е како шило и еднаш ќе мора да излезе на виделина, ќе ја сочекаме и одлуката на Уставниот суд, кој во меѓувреме донесе одлука за поведување на постапка за преиспитување на уставноста и законитоста на овие одредби, овие одлуки на Владата, така што можеме да си го поставиме прашањето што до колку се поништи таа одлука и кој ќе ги сноси трошоците за до сега исплатените пари транспарентно според министерот за одржување на имотите на овие

лица. Дали можеби ќе треба лично министерот и премиерот, кои ја бранеа ваквата одлука кога се донесуваше Буџетот,од свој џеб да ги платат во државната каса, бидејќи државата ќе биде оштетена или можеби ќе треба господинот министер за правда Маневски да ги применува новите одредби ретроактивно од Кривичниот закон, кои мисли да ги донесе за конфискација на имотот, за да можат да се наплатат трошоците, за да не биде оштетен Буџетот и даночните обврзници на Република Македонија, како што вели мојот колега Влатко Ѓорчев. Тоа е еден пример за "транспарентното" трошење на владините пари од даночните обврзници на Република Македонија.

Понатаму имаме исто така транспарентно трошење за спонзорства, за рекламни кампањи на половина милион евра од државната компанија ЕЛЕМ, од директорот Чинговски, кој е поставен од Владата на тоа место и наместо таа афера да заврши со смена на директорот и евентуално некоја кривична постапка или некое сликање пред медиуми со средства за обезбедување на осомничените, тоа заврши со смена на дел од Управниот одбор. Значи во врска со овие транспарентни трошења на државните пари, државата не презема ништо против своите функционери кои тоа го прават и со тоа покажува на дело колку е селективна или неселективна во борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Значи господине министер, да земе оваа Влада тоа да го направи за пример на своите високи функционери, ќе заштедите многу париnамeнeти во овој ребаланс на Буџетот, околу 13 милиони евра, кои се енормно зголемени сега со ребалансот, наменети за рекламникампањи и ќе си направите кампања без пари, со тоа што реков ќе сликате во медиумите некои од вашите високи функционери со средства за обезбедување на осомничените при нивното приведување и ќе си направите реклама без пари, а понатаму епилогот не го знаеме, тоа зависи од тоа дали доказите би биле соборливи или несоборливи, а за тоа треба се разбира во законска процедура да одлучат други институции како што е Судот, а не Министерството за внатрешни работи.

Понатаму, во врска со транспарентноста, уште сумна вториот пасус каде што велите дека Владата најтранспарентно ги троши парите, колку што се сеќавам, има во собраниска процедура на една од многуте незавршени седници во Собранието и еден Предлог за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, каде што вие под превезот на зголемување на ефикасноста на процедурата, скратување на роковите, воведување на електронски аукции, всушност сакате да ја постигнете главната цел и да протнете зголемување на цензусот потребен за склучување на непосредни спогодби при тендерите, јавните набавки од сегашните 3 илјади на 5 илјади евра.

Значи, господине министер со ова велите дека ќе гинамалите роковите, меѓутоа, потенцијално апсолутно како Влада со таквата политика и со таквите одлуки создавате услови за зголемување на корупцијата и за зголемување на нетранспарентното трошење на државните пари преку склучување на непсоредни спогодби. Од овие примери што гинаброив се се врти околу непосредните спогодби. Истовремено, паралелно со тој закон за измени и дополнување на Законот за јавните набавки, имате во собраниска процедура на една од незавршените седници и донесување на нов Предлог закон за јавни набавки. Не знам зошто го правите тоа паралелно, од една страна правите измени, од друга страна донесувате нов закон, меѓутоа, не се откажувате од зголемувањето на цензусот за непсоредните спогодби. Тоа ви е главна тема. Претпоставувам дека институциите ќе имаат многу работа за преиспитување на транспарентноста на трошењето на државните пари, особено кога се работи за непосредни спогодби.

Понатаму, некаде во четвртиот, петтиот пасус велите, цитирам од експозето: "Амбициозната економска програма на Владата на Република Македонија како и програмата за забрзано спроведување на структурните реформи веќе дава позитивни резултати на економски план" во кој само власта си верувај јас би додал и понатаму вели "реформите во областа стручно на влезот и излезот на пазарот или реформите во областа на формирање на претпријатијата, како и нивно излегување уредно на пазарот со стечај и ликвидации" ова баш не го разбирам "се со цел да се создадат услови за конкурентен деловен амбиент, понатаму реформите во судството, на пазарот на работна сила, реформите на образованието и здравството", значи овде измешавте и судство и образование и здравство и пазарна сила и деловен амбиент. Да продолжам понатаму "како сигурен предуслов за пораст на животниот стандард на нашите граѓани, што е крајна цел на економските реформи на Владата" и т.н. Овде кажавте неколку работи, го кажавте зборот "деловен амбиент", создавање деловен амбиент што сега го преформулиравте, а тој поим опозиција не ви излегуваше од уста, посебно не на тогашниот лидер на опозицијата, сегашниот магистер по економија премиерот Никола Груевски, кој постојано ја обвинуваше тогашната Влада за немање бизнис клима. Каде ви е почитуван министер и почитуван премиер сега вашата бизнис клима што требаШе после 5 јули да завладее, да течат инвестиции, да се зголемува животниот стандар како што овде вели или деловен амбиент, сега по ново, по модерно откако дојдовте на власт. Зошто сега премиерот и вие кога излегувавте на партиските предконференции како претседател на Комисијата за економски прашања на ВМРО-ДПМНЕ не ја спомнувате бизнис климата или деловниот амбиент. Зарем мислите дека нема потреба да се споменува? Овде,не знам, случајно ви пролета, па ми даде повод да го коментирам, затоа што и ние по малку го заборавивме вокабуларот на опозиционата тогаш ВМРО-

ДПМНЕ. Или мислите дека со самото ваше доаѓање на власт работите сами по себе се променија, исчезна корупцијата, по што не се апсат актуелни функционери или затоа што по дефиниција најизложен на корупција е оној што е на власт, значи тоа изостанува. Во ред, и јас сум за тоа секој да си одговара и во минатото согласно законот со почитување на сите процедури и човекови права, меѓутоа, главната битка против корупцијата во смисла на транспарентно трошење на државните пари треба да се одвива против актуелните носители на власта. Колку да ве потсетам, од вашиот вокабулар пред 5 јули пред изборите, еден од главните аргументи, покрај немањето на бизнис климата, која и сега ја нема, за жал, ви беше дека Република Македонија е на 105 место на Светската ранг листа н акорумпирани држави. Пред неколку недели го слушнав министерот за правда Маневски, дали не го разбрав не знам, дали рече 105-то или 103-тото место, ама еве и да било 103-тото место, ако ви е тоа успех или напредок, дали треба да се фалите или да се срамите не знам. Значи ниту ја подобривте бизнис климата, ниту борбата против корупцијата.

Понатаму, го спомнувате овде судството. Знаеме каква е ситуацијата во судството, закочена е работата, реформите стојат. Значинемате политичка волја, немате капацитет, иако го имате мнозинството и во Парламентот да ги спроведете судските реформи за да овозможите како што велите услови за инвестиции и т.н., поврзано со правната сигурност и владеењето на правото во државата. Тоа е во судството, да не ви образложувам за да не излезам надвор од темата.

Понатаму здравството, постојано нешто најавуваше дека ќе работи, дека ова ќе направи, она ќе направи и еве, како да ги употреби зборовите на премиерот, кога беше опозиционер, а, ха, еве само што не ми тргнало, еве готово, кај и да е ќе биде, ќе дојдат подобри времиња, ќе дојдат подобри денови за граѓаните, еве и за здравството. Ништо од тоа. Не можете ни клима да им ставите во болниците таму на пациентите на жештините сега, а камо ли им ја подобрите здравствената услуга, хигиенските услуги во здравствените установи и тн., а да не зборувам за лекарствата, за лековите, за медицинските терапии и тн.

За образованието го спомнувате. Што направивте за образованието? Треба и тука коментар да ви дадам. Значи, ајде ќе го прерипам образованието. Значи, како симбиоза на сите овие работи кои се дел од успешната и амбициозна економска програма и политика на Владата, на крајот велите во експозето во овој пасус дека сето тоа ќе резултира, овие работи што ги коментирав претходно, со подобрување на животниот стандард на граѓаните на Република Македонија. Кој животен стандард, почитуван министре. Дали имаме нови вработувања во Република Македонија. Не, напротив имаме 50 илјади нови невработени, на кои кога ќе се спомне таа тема, премиерот и вие сте најнервозни во Парламентот. Што подразбирате под животен стандард. Еве ќе се вратам повторно на образованието и на здравството. Ајде што не вработивте не вработивте. Се зголеми бројот на невработени. Тоа е втора работа.

Трета работа, на тие што работат дали им се зголемија платите. Кога граѓаните ќе го почувствуваат тоа. Кога ќе имаме економски подем. Со прости зборови кога во Република Македонија ќе биде подобро. Ако го направите тоа не само што ќе биде подобро за сите, пред се ќе биде подобро за вас. Никој не ќе може да ве симне од влас. Меѓутоа, за ваша жал и за жал на граѓаните на Република Македонија работите во економијата не се одвиваат во тој правец. Значи, вие ни претставувате овде во експозето дека толку ни е убаво, само што ние не знаеме да го видиме тоа, или не можеме, слично на онаа приказна со царевото ново руво.

Понатаму, да одиме на наредниот пасус. Се фалите дека според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, бруто домашниот производ во првиот квартал на 2007 година забележа раст од цели 7%. Морам да направам пауза тука од вакви бројки.

Значи, почитуван министре кој овде лаже. Нема да зборувам овде сега дипломатски, политички, кој не ја говори вистината. Кого вие лажете. Ние не ви веруваме во тоа. Не можам да поверувам дека во Република Македонија е толку добро што во првиот квартал од 2007, можеме да се мериме со една Русија, која има економски бум од 7,7% исто така во првиот квартал. Значи единствено со неколку европски земји и со Русија можеме да се споредуваме, така што ние толку добро, можете исто така по примерот на Русија да тргнете, да побарате на пример организација на следната олимпијада, како што ќе организира Русија во Сочи со ваков економски бум. И така ќе градите сега спортски сали 80 или не знам колку, ќе ја градите северната трибина, ќе имаме голем стадион, така што имаме економски раст и развој, имаме животен стандард, ќе имаме неколку милијарди договор, бизнис ќе направиме. Ако на Владата и текне, покрај изградбата на три облакодери и стокатници да се реши и за организација на една олимпијада на пример.

Понатаму, после ова со економскиот раст велите дека каматните стапки понатаму трендот е да се намалуваат. И ова не е вистина. Не знам дека во последната година откако е ВМРО-ДПМНЕ на власт некоја каматна стапка се намалила. Не знам дали е ова синдром на Владата. Вчера го фативме премиерот конечно овде на јавна сцена во Собранието, се сплетка во лагите за политичкиот договор со ДУИ, за двојазичноста, за пензиите на борците на ОНА. Сега оваа Влада денеска продолжува да лаже и за економијата и да ни ја претставува ситуацијата гледана со розови очила. Тоа е за каматните стапки. Понатаму велите дека во Македонија се случува силна инвестициска активност. Не знам само каде ги гледате инвеститорите. И ова е многу

проблематично, дали ви е дадено во вид на ветување, тоа не знам е немногу остварливо со оглед на актуелните околности колку Владата е способна да привлече странски инвестиции. Ако е како констатација, морам јас да констатирам дека повторно е лага, затоа што овие инвеститори кои ги набројувате подолу на крајот на првата страница од експозето, 80 или 90% се веќе инвеститори, кои веќе ги отпочнале своите активности за влез на македонскиот пазар во бизнисот во Македонија во времето на претходната Влада.

Значи, министре се китите со туѓи перја, што не е чесно. Тоа е едно.

Исто така, како еден од инвеститорите го спомнувате и да не ги читам останатите, Табак осигурување. А кога го спомнувате Табак осигурување, кога зборував претходно за непосредните спогодби, заборавате да го спомнете и скандалот за непосредната спогодба од три ипол до четири милиони евра за осигурување склучена со оваа фирма. Исто така, уште една интересна афера со која органите на прогонот и на истрагата треба да се позанимаваат и да покажат непристрасност, неселективност во својата работа. Меѓутоа, сеуште немаме такво нешто. Сеуште немаме таква иницијатива. Меѓутоа, можеби тоа ќе го направи некоја друга влада понатаму.

Понатаму, на страница два на почетокот велите една многу интересна работа. Се разбира, си ја прикажувате како ваша заслуга, меѓутоа мислам дека тука се тепате со сопственото оружје. Велите дека постои силен раст на личната потрошувачка и понатаму го образложувате тоа со следното. Во првите четири месеци од 2007 година, порастот на номиналните плати изнесува 6,4, а реалниот пораст 5,6 во услови на непроменето ниво на плати на јавната администрација. Оваа реченица е контрадикторна на самата себе. Нема никаква економска логика. Ако велите дека има силен раст на личната потрошувачка, а велите дека исто е нивото на плати во јавната администрација. Врз основа на кои реални економски параметри мислите дека таа потрошувачка е резултат на економски развој, кога платите останале исти. Ако мислите на платите во стопанството, тука немате аргументи повторно, затоа што ако се зголемиле во стопанството платите, а велите овде не се зголемиле во администрацијата, тогаш прво логично е, не само а се зголеми личната потрошувачка, туку тоа да генерира и за зголемување на платите во јавната администрација, што тоа не е случај. Значи, господине министре дупло гол тоа се вика, или автогол. Не можете со овие аргументи да не убедите дека во Република Македонија се живее подобро затоа што се зголемила личната потрошувачка, а животниот стандард останал ист и платите. Не знам, не треба да сте економист за да ги сфатите овие работи. Единствено, можам да најдам еден аргумент кој вие не го спомнавте, да ви помогнам, тоа е резултат на онаа кампања за добрите фризури за платежните картички, која исто така беше многу спорна и критикувана од опозицијата, како еден потенцијален финансиски скандал, во кој сте директно инволвирани вие, меѓутоа тоа треба да се докаже, ќе видиме. За неколку стотици илјади евра, не ја знам точната сума, непосредна спогодба, тендер за кој се сомневавме дека сето тоа е направено за расчитување на партиски долгови од кампањата на ВМРО-ДПМНЕ на изборите.

Значи, со таа кампања се воведоа платежните картички на кои на граѓаните им се дозволува бескаматен минус, најчесто од две до три плати. Сега во последниве месеци можеби како резултат на тие ваши реклами за добрите фризури, за платежните картички е зголемена личната потрошувачка на граѓаните. Меѓутоа, што значи тоа? Тоа значи дека граѓаните одат масивно во минус, зашто вие рекламиравте, а кога ќе помине сезоната на годишните одмори, кога ќе дојде септември и сезоната на купување на школски прибор, кога ќе се редат сметките после годишните одмори, кога ќе треба зимниците да се направат, тогаш ќе ве прашам дали граѓаните ќе почувствуваат подобар животен стандард и кои ќе бидат ефектите од вашања кампања за платежните картички и добрите фризури, односно за стотината илјади евра склучени со непосредна спогодба во четири очи, за рализација на ваквата кампања.

Понатаму велите дека се бележат одлични фискални перформанси во првите месеци на 2007 година. Тоа се мисли на зголемувањето на наплатата на даноците. Во ред, тоа можеме да го прифатиме, како нешто позитивно и имате поддршка за тоа, тоа е добро за државата ако се наплаќа, ако се зголемува процентот на наплата на даноците, меѓутоа лошо е, тоа е добро за прибирањето на средствата, меѓутоа лошо е за оне што цело време говориме, како ги трошите тие пари, дали ги трошите одговорно, домаќински, дали ги инвестирате, дали целисходно ги трошите, дали има државата и граѓаните некој бенефит од начинот на структуирање на овој буџет за кој конкретно ќе зборуваме во амандманската расправа, каде што имаме поднесено конкретни амандмани и голем број на забелешки за трошењето, односно распоредот на трошењето на државните пари, согласно амбициозната економска политика и програма на Владата на ВМРО-ДПМНЕ.

Нашата најголема забелешка е на оние ставки во Буџетот каде што енормно се зголемуваат средствата за договорни услуги, за купување на мебел, на опрема, за патни и дневни трошоци, меѓутоа, за тоа кога ќе дојдат амандманите. Сега говориме генерално по вашето кеспозе.

Значи, кога сме за прибирањето на даноците, тука имавте една рекламна кампања од стотина илјади евра, што не знам колку е тоа рационално и паметно потрошени средства, како граѓаните да плаќаат даноци и тука во една прилика имаше кажано во Собранието една ваша позната мисла, дека со плаќањето на даноците на граѓаните, психолошки граѓаните се чувствуваат подобро. Не

можам да ве цитирам прецизно, меѓутоа тоа си е ваше мислење.

Понатаму во Буџетот ги намалувате, наспроти ова што говорев зголемување на овие ставки за договорни услуги, рекламни кампањаи, патни трошоци и тн., коли, мебел, опрема. Да повторам, значи наспроти ова ги намалувате средствата што треба да се издвојуваат за мерки за намалување на сиромаштијата. Дали со тоа сакате богатите да ги направите уште побогати, а сиромашните уште посиромашни. Не знам дали е тоа амбициозна политика на Владата, која ги намалува овие средства дури за 20% од прилика.

Понатаму, околу 550 милиони денари што се одвојуваат за социјалата се зголемуваат тука. Веројатно знаете за она што ве обвинивме за решавањето на статусот на борците на ОНА, што не транспарентно исто така, како и трошењето на парите политички го преговаравте со ДУИ. Значи помеѓу оној фамозен договор кој еднаш беше, не беше па беше и вчера видовме дека сепак имало договор помеѓу премиерот и господинот Ахмети. Тука остана дилемата, мојот на времето заменик портпарол, сега владин портпарол ќе го тужи, како што му се закани на колегата Најдовски и на колегата Матоши за кажаното дека 300 илјади евра се одвоени за таа намена. Чесно е македонската јавност тоа да го знае, затоа што вие и во ова експозе не дадовте одговор на оваа многу битна работа, меѓутоа, иако тоа вие не го направивте, после вчерашната седница и она што го чувме, премиерот повторно сакаше да ги заташка лагите, меѓутоа координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Силвана Бонева кажа дека не е разговарано со ДУИ за правата на борците на ОНА, туку за правата на жртвите од конфликтот. Тука имаше големо несовпаѓање во исказите помеѓу координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМН и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа останува понатаму да видиме во јавноста кој лажел.

Исто така, говорите дека ќе постигнете до крајот на оваа година вкупен економски раст д 6%. И тоа е малку надуено и за неверување. Ќе ја релаксирате монетарната политика и ќе го намалите јавниот долг. Претпоставувам го намалувате јавниот долг со предвремената исплата на долговите кон ММФ, токму со оние пари од успешната приватизација на ЕСМ, која вие кога бевте опозиција ја критикувавте. Ако беше тоа криминално, како што велевте тогаш, и нетранспарентно, зошто сега си ги трошите тие пари. Зошто не ја ревидирате прво приватизацијата, зошто ако се покаже дека навистина сте биле тогаш во право, тогаш немате право да ги трошите тие пари. И од каде ќе ги враќате тие пари после.

Во меѓувреме, кога вие објавивте дека 6% ќе изнесува економскиот раст, претставниците на меѓународните финансиски институции, овде во Скопје ви удрија еден шамар и ви ги демантираа вашите проекции за економскиот раст.

За жал, и ви кажаа дека со овој капацитет и овие економски реформи и оваа владина политика тој раст не може да биде поголем од 4%, евентуално 4,5%, што разлика од 1,5%, 2%, ќе се сложите за држава како Република Македонија е огромна утка, или огромна лага, не знам како сакате, во проекциите што им ги нудите на граѓаните. Значи, не знам на што ги базирате тие претпоставки и како ќе го постигнете економскиот раст од 6% кога во овој Буџет што ни го дадовте, ребалансот, нема никаква развојна компонента. Наспроти тоа, не знам дали вие како економски политики или економски мерки ги сметате во овој ребаланс на Буџетот инвестициите и издвојувањето на пари на музеј на ВМРО ДПМНЕ на музеј на жртвите против комунизмот, на музеј на восочни фигури. На градење на спортски сали и северни трибини, на градење на театар. Сето тоа е во ред да се инвестира во инфрасруктурата, не мислам на музеиве, меѓутоа од тоа граѓаните нема да имаат економски раст, повисоки плати, нови вработувања и подобар животен стандард. Ако е економската политика на ВМРО ДПМНЕ во овој буџет пари за борците на ОНА пари за дневни и патни трошоци, пари за мебел, возила и опрема, пари за музеи, тогаш не знам како ќе дојдете до овие 6% на економски раст. А истовремено на почетокот говорите за реформи во здравството, во образованието, развој на земјоделието. Не сакавте вода за наводнување да им пуштите во струмичко, им се исушија нивите на земјоделците. А се фалите сте ги чистеле одводните канали од поплави. Од поплави можеби ги спасивте земјоделцие, ама сега од суша не ги спасивте. Викавте дека и вештачки дождови дури ќе направите. Значи, тука ќе завршам. Се надевам дека министерот ќе земе активно учество да ме демантира во расправата не само мене, туку и сите претходи во минатите два дена минатата недела кои говореа за овој ребаланс на Буџетот. Ако не сака сега во општата расправа да учествува, тогаш за негова жал ќе мора да се соочи со пратениците на опозицијата при дебатата за околу 300 амандмани, конкретни амандмани за тоа како се трошат парите во Буџетот.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јавија господин Павле Трјанов, три минути и господин Илија Димовски. Одиме по тој редослед.

**Павле Трајанов:** Почитуван пртседателе, сакам да коментирам неколку искажувања на господинот Борис Кондарко. Мислам дека тој отвори едно прашање поврзано околу најавените законски промени околу конфискацијата на имотот. Јас се сложувам дека законите не можат да имаат ретроактивно дејство. Меѓутоа, во натамошната расправа кога ќе се ра справа за овие закони ќе се заложам и ќе ги поддржам сите оние кои што се залагаа за конфискација на криминалниот имот. Значи, ако се работи за криминален имот, тогаш независно кога е направено делото, треба да следи мерката конфискација на имотот. Поготово кога се работи за конфискација на криминален имот, имот кој што е стекнат со

криминалната приватизација. Во оваа насока можеби е добро и министерот за финансии да се размислува од конфискацијата на имотот да се формира еден фонд за решавање на социјалните прашања, за подготовка на социјални проблеми вклучително решавањето на проблемите на стечајните работници.

Господинот Кондарко зборуваше за многу области, меѓутоа ја изостави областа заштитата од пожари која што е многу актуелна, бидејќи се покажа децентрализацијата на противпожарните единици се катастрофални. Сега за состојбите во Република Македонија, затоа што Републиката не учествува во техничкото опремување, во програмите за модернизација и за обука. Но, исто така, и целиот систем е нарушен поради што можеби се јавуваат проблеми во локализирањето на пожарите. Во оваа прилика сакам да искажам благодарност до државите кои што упатуваат помош на Република Македонија во борбата со оваа природна стихија, посебно до Република Грција, Хрватска и Турција или упатуваат помош, или пак се подготвуваат да помогнат на Република Македонија. Воедно сакам да упатам апел до Владата и до Министерството за внатрешни работи, сите расположиви кадри кои што се на располагање да ги стават во функција на Центарот за управување со кризи, бидејќи се покажа дека на локално ниво состојбите во оваа област се катастрофални и дека општините не се кадарни да се справат со овие проблеми.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика на господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Вака набрзина. Кога веќе ги споменавте пожарите, апсолутно ја делам загриженоста на премиерот за уништувањето на на нашите природни богатства на шумскиот фонд. Меѓутоа, ќе ви кажам две работи. Прво, ако беше толку способен, зошто чекаше една недела за да му текне да побара странска помош и премиерот и директорот Панде Лазаревски на Центарот за кризи.

Втора работа, ако е толку загрижен за шумите и кога нема пожари зошто не ги фаќа крадците на дрва, на бесправни сечи на дрва. Се плаши затоа што се вооружени? Каде е таму првната држава, каде е штетата во тој вид на уништување на шумскиот фонд. Инаку, за конфискацијата, мислев на плаќањето на трошоците на имотите на министрите Самак, Ташковиќ и останатите. Што ако се докаже дека не била во ред таа услуга. Мислев ретроактивна конфискација за да се одземе имотот на Славевски, на Груевски, за да се вратат парите во Буџетот.

**Љубиша Георгиевски:** Има реплика господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Ќе се обидам во три минути да споменам повеќе работи кои што беа споменати од колегата Кондарко. Прво, сметам дека финансиите и економијата е егзактна наука и тука нема играње со политички тези, или со вредносни системи. Тука се во прашање прецизни бројки кои што треба да ја отсликуваат состојбата. Беа споменати многу работи кои што апсолутно не кореспондираат со вистината, меѓутоа јас ќе се задржам на три до четири, колку ќе ми дозволи времето.

Прво во врска со даночната евазија и со намалување на истата. Сметам дека политиката која што ја води Министерството за финансии, посебно Управата за јавни приходи наоѓа ефективост поради тоа што не само во оние случаи кои што беа откриени како затајувања на данок во минатиот период. Таквата состојба имплицира поголема даночна одговорност кај сите правни и физички субјекти во Република Македонија. Бројот на даночни пријави о.г. е драстично поголем од бројот на даночни пријави од минатата година. Тоа имплицира дека политиката која што ја води  Управата за јавни приходи диктира поголема даночна дисциплина. Апсолутно на никого не му се зема од џебот, туку сето она што до сега бизнисмените, или било која групација на луѓе не си го исполнувале спрема државата почнуваат да си го исплаќаат, затоа во Република Македонија во оваа година има зголемување на наплатата на даноците, односно на сите даноци во Република Македонија, посебно во делот на персоналниот данок, на ДДВ, итн. Во делот на сомнежот што го има колегата Кондарко во врска со податоците за порастот на бруто домашниот производ. Колега Кондарко, тоа е збирна оценка за сите параметри кои што значат нешто во економијата. Јас би ви наброил неколку. Инветиции во машини и опрема, во првиот квартал порастот е 10,7%. Јавната потрошувачка во првиот квартал е зголемена за 6,7%, приходите во Буџетот се зголемени за 18,7%, даночните приходи се зголемени за 24%. Извозот на стоки и услуги е зголемен за близу 40% во време кога увозот е зголемен само за 20%. Значи се намалува разликата помеѓу извозот и увозот итн. За да ви биде јасно дека не правиме политички маркетинг ќе ви прочитам изјава од еден ваш член и пратеник, кандидат за пратеник, мислам дека беше еден месец Илија Гечев. Вели, според директорот на Кавадаречката ИГМ резултатите постигнати во црната и во обоената металургија во изминатите  пет месеци се многу зголемени во однос на минатогодишните. Има и значителен пораст на извозот во банкарството, транспортот и услугите кои учествуваат со висок процент во пресметувањето на БДП. Гечев додава дека неговата компанија ИГМ има за 90% пораст на производството и за 65% зголемена продажба. Што значи дека има реален развој во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Борис Кондарко.

Почитуван колега Димовски, ако сето ова е точно што го говорите, бидејќи изнесовте егзактни бројки. Јас зборував за реалноста. Платие дали се зголемени, луѓето подобро живеат, крај на програмата. Инаку, вие ако толку имате претензии да се занимавате со економија и да му бидете

адвокат на министерот кој упорно молчи. Прво одете, завршете економски факултет, претходно правниот, па нека ве земе за асистент на неговата катедра.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи господинот Никола Поповски не е тука, госпоѓата Зумрете Јакупи не е тука.

Има збор министерот за финансии Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Значи, имав намера да се јавам за оваа реплика и пред оваа најсилна провокација на господинот Кондарко. Но, добро, читаше параграф по параграф со една дискусија која што можеби веројатно требаше да биде подобро подготвена, но не стигна до цифрата од 5,6% реален раст на платите во Република Македонија. Еве директен одговор. Тоа го имате во експозето. Платите во Република Македонија според податоците на Заводот за статистика се зголемени во реални големини за 5,6% што за шест месеци не е мал износ. Јас би го упатил господинот Кондарко малку да се стрпи до вечерните вести да слушне што беше кажано на денешната прес конференција од страна на претставникот на ММФ на завршниот ден од нивното присуство овде. ММФ ќе ги ревидира нагоре своите проекции, затоа што самите признаа дека биле конзервативни и погрешиле уште од почетокот. А и ние, јас тоа го навестив да размислуваме да одиме нагоре со нашите проекции, како што спомав во експозето. 6% ќе биде малку пораст на бруто домашниот производ за Република Македонија како што е планирано во првите проекции.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Грковска има процедурална интервенција.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе,

Јас навистина не знам до кога ќе дозволувате навреди на пратениците од страна на министрите. Сега сум испровоцирана од едно тврдење на господинот Трајко Славески дека дискусијата на нашиот пратеник требала да биде подобро подготвена. До кога ќе ги воспитуваме министрите дека се овде да одговараат на прашања на пратениците, дека се овде да имаат свои експозеа, свои излагања, да искажуваат свои тези по однос на законските решенија или актите кои што ги предлагаат до Собранието. Меѓутоа, не се тука да даваат препораки за тоа како пратениците треба да дискутираат и што треба да дискутират. Меѓутоа, претпоставувам не би требало да бидам изненадена заради тоа што по начинот на кој што се однесува Владата спрема Парламентот и парламентарното мнозинство спрема опозицијата, претпоставувам дека ќе воведете некој акт со кој што ќе и забраните на опозицијата воопшто да зборува, или уште повеќе ќе ја укинете заради тоа што не дискутира онака како што вие претпоставувате. И ве молам, да не не ставате во ситуација како претседател на Собранието уште еднаш да реагираме на вакви испади од страна на министрите кои што навистина не доликуваат и не одат во насока на почитување на пратениците и на Парламентот како институција. Министрите треба да си го знаат своето место кога влегуваат во овој Парламентрен дом.

**Љубиша Георгиевски:** Јас навистина не видов некаков голем испад. Господинот Кондарко говореше несметано, колку можев му помагав да биде чуен. Несметано, не ви сметаше никој, во таа смисла. Значи несметано колку можев помагав и сега во дискусиите многу пати се кажало: не сте го читале законот, не е доволно добра студијата. Тоа се квалификации кои во еден демократски парламент можат да бидат.

Има збор господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер Славески,

Дел од она што сакав на почетокот да го кажам е што господинот Павле Трајанов кој што е експерт за вакви ситуации да изнесе став на својата политичка партија. Да кажам дека ние денеска дискутираме за ребаланс на буџет во сосојба, вонредна состојба во Република Македонија. Сметам дека без оглед на тоа на која политичка партија припаѓаме и какви се нашите погледи, денеска треба малку покоректно и постегнато условно да речам да дискутираме, затоа што состојбата го налага тоа.

Еден од моите предлози до господинот Славески како претставник на Владата, по мене тоа е личен предлог, а верувам дека вие доколку не сте имале претходно вонредна седница на Влада, што треба да направите. Треба да се казнат оние што кажуваа дека опасноста во Македонија ќе биде надмината, затоа што нема реална опасност и нема потреба од барање помош. А, се случи обратното.

И второто, во овој дел на ребаланс на Буџетот, тоа е мој предлог, верувам ќе го прифатите па ќе ми одговорите. Сметам дека можеби требаше да се повлече ребалансот и да се направи еден друг ребаланс, или да се интервенира со владини амандмани за да се надминат штетите што настанаа со опожарување на еден голем дел од територијата на Република Македонија, а по она што слушам и во градот Битола и недај боже во некои други населени места каде што има опасност, да се помогне на тие граѓани.

Трета работа, господинот Павле Трајанов рече дека општините не се кадарни да се справат. Јас се согласувам со Павле, меѓутоа, тоа е затоа што втората фаза на децентрализацијата не е завршена, туку оваа Влада, не само оваа, или некоја друга да беше да покаже малку повеќе доблест да им помогне на општините во тој сегмент во делбата на финансискиот колач. Јас сум сигурен дека и овие луѓе, овие пожарникари ќе добиеја доволно средства за да можат да се справат со ова. Јас ќе се обидам многу катко, бидејќи во принцип сакам така да дискутирам. Мене ме боли кога слушам дискусии од луѓе кои што немаат ден работен стаж во стопанството да дискутираат за ЦДП, за инвестиции, за ова, за она, и едни на други се упатуваат. Цената на

пазарот ја диктираат цената на металуршките производи и растот на одреден сегмент на индустријата. Оваа Влада или било која друга во овој сегмент нема помогнато ништо. Дај боже да има. И тука се надевам дека ќе се сложите.

Ќе ве замолам на господинот Рушити да му кажете за тие 59 милиони денари, односно 1 милион евра што се доделени за образованието, за реконструкција на училиштата, да погледне малку и по другите училишта. Има неколку училишта кои што јас лично во градот, минатииот пат зборував за Скоменски, зградата се запали. Има училишта во Љубош во Лажане во Ропотово, во Црник, Мислешево кои што бараат интервенции. Јас се надевам дека Владата особено во тој сегмент, бидејќи самите кажувате, ќе одвоите толку и толку пари 3,9 милиони евра за комјутеризација и за друго. Значи, во делот на ребалансот да имате реален пристап. Јас сум прв за тоа да се прават спортски сали, бидејќи сум поранешен спортист, да се компјутеризираат училиштата. Меѓутоа, не можат да се компјутеризираат училишта каде што подот пропаѓа, кисне кровот, или немате електрична инсталација, се палат училиштата. Во тој сегмент би ве замолил во Владата, во ресорното министерство за образование да мукажете на вашиот колега малку да погледне и подалеку. А не да дава само за училишта кои што се, да речеме од неговиот крај.

Она што сакам да го кажам е дека, на пример, на земјоделците од Валандово каде што Валдата доцни со интервенција, а ќе им требаат 400 илјади евра да проработи водоводниот сиситем за наводнување, им изгоре летината и сега што им треба таму? Да им дадете баскети и фудбали да играат во салите? Таа прикаска е за панаѓур.

Она на што треба д аобрнете внимание и да размислувате како Влада, според мене е сите заедно да направиме една вистинска стратегија за тоа што е вистински приоритет во Република Македонија. Ако Тодориќ, хрватскиот магнат и тајкун доаѓа во Република Македонија и сака да инвестира 200 милиони евра, ако бугарите, нашите североисточни соседи кои се во Европската унија доаѓаат и го откупуваат родот на патлиџани, а го препродаваат како бугарски, значи Македонија, има компаративна предност да инвестира во земјоделието.

Се согласувам дека оваа Влада донесе, можеби повеќе пари, меѓутоа се недоволни. Затоа 1-2 од моите амандмани, но еве и јас сум подготвен, бидејки ги има 300 и повеќе, непродуктивно е да дискутираме за нешто што нема да прифатите, е токму за тоа. Милион ипол евра барам на земјоделците да им се плати тутунот што им ветивте 6 евра, а не им дадовте ни евро. И, да се плати грозјето. Затоа што она со што Македонија се кити и добива награди се нашите вина, преработениот тутун или сиров, нашето јагне, сирење. Според мене, она што го слушав пред некој ден од министерот за земјоделие на Република Србија дека заедно, овој регион , како регион има иднина за производство иизвоз на храна. Особено здрава храна.

Значи, во тој дел би ве замолил како Влада, бидјеки вие сте сега на власт, да размислувате, да инвестирате. Во Македонија се отворија 3 фабрики за преработка на био дизел. На една од нив, на отворањето беше и премиерот. Тие работат на репа. Дајте им субвенции и дајте им пари на земјоделците во Пелагонија, што има извонреден капацитет, да се произведува репа. Така, Македонија ќе стане извозник на гориво. Можеби е смешно, меѓутоа е реално.

Во тој сегмент, сакам да кажам дека имате максимална подршка како Влада, до колку имате во Буџетот и утре, не само во ребалансот, туку во Буџетот една визија како да се развива источниот дел на Република Македонија. Нормално, со изградба на инфра структура.

Тоа што ме радува, иако минатиот пат вие ми го одбивте амандманот за регионалниот пат кон Кожув, сега гледам дека сте издвоиле пари како Влада. Претпоставувам во Буџетот и овие амандмани што сега ќе ги одбиете, ќе ги ставите, тоа значи дека сум имал добри размислувања.

Сегментот за кој што сакам да зборувам, а е особено важен за кој што господинот Павле често зборува е безбедноста и одбраната. Зошто тоа го кажувам?

Вчера, Претседателот на државата како Врховен командант и премиерот интервенираа, пратија војска. Пратија 300 војници на Пелистер, пратија 70 војници во Катланово и пратија луѓе кои што, пред некој ден имаше една слика каде што пишуваше “Леопардите” ги испративме во партали во Авганистан, го демантираат тоа. Меѓутоа, ниту премиерот ниту претседателот го демантираа тоа. Но, се скараа околу Воена болница, се скараа околу Илинден каде што има простор за градба и слично. Тоа значи дека ни треба конзистентна политика.

Во година кога Македонија чека покана во НАТО, за тоа се залагаме, за тоа беше и вчера онаа маратоснка седница, јас во Буџетот на Министерството за одбрана не гледам ставка за набавка на оружје што е компатибилно на НАТО стандардите. Не гледам ставка за зголемување на парите, иако мислам дека е тоа при Владата, за праќање на нашите војници во мисии. И, трето, праќаме офицери и војници да гасат пожари. Праќаме офицери и војници да одат во Ирак, Авганистан. Тие се наши најдобри амбасадори. Меѓутоа, живеат по кирија. Имаат нерешено станбено прашање. Еве ви, 2 милиони евра сега предлагам во Буџетот, во делот на касарната Илинден да почнат да се градат станови за офицери и професионалните војници. Тоа е дел од НАТО стандардите. НАТО стандарди не е само декларирање единици за кои што министерот “со јато во НАТО” како да сме ластовички, цело време кажува, да ги пратиш луѓето, а да не им обезбедиш основни средства. Во Хрватска се случи еден немил инцидент. Падна хелихоптер. Се установи дека воените лица односно

офицерите не биле осигурени. Јас не знам дали нашата војска и нашите офицери се осигурени, не дај боже од такви несреќи. Значи, кога веќе се обидуваме нешто да продадеме како успешен макеоднски производ, дајте да го заштитиме во сите сегменти.

Вториот дел во сегментот на безбедноста, каде што исто така имам 2 милиони евра, нормално, барање од економските ставки на државата, тоа вие ќе одговорите дали има можност, е за полицијата, за набавка на опрема.

Пожарот, господо, во 21 век не се гаси со лопати и со метли. Во тој дел, затоа сакав да ви предложам министре Славески, да поразговарате, ако веќе тоа не сте го направиле, на седница вчера разговаравме, вие ме охрабривте дека Валдата донела Одлука за купување на еден авион од типот Канадер. Тоа треба да го направите со Владата на Република Србија, со Албанија , со нашите соседи, бидјекисо еден авион не се гасат пожари. Треба да се направи флота и еден кризен штаб на регионот, затоа што она што читав во весниците и она што го потврдуваат експертите дека ова не е инцидентно тополо лето. Ова ќе биде пракса во Македонија, Грција, Албанија и околината во Европа. Тоа значи дека веќе Македонија мора да има стратегија, нова стратегија како да се заштити од овие елементарни непогоди. После ќе дојде суша, обично после поплавите доаѓаат суши.

Во тој дел би ве замолил, за да може и она што господинот Кондарко, мојот колега го спомна, тие 2 милиони се за купување на моторни возила, на опрема, за да можат нашите полицајци да се справат со шумократците. Најголем дел од пожарите во Република Македонија се предизвикани токму од тие шумократци. Затоа сметам дека во тој дел треба сите ние да покажеме заедничко разбирање.

Уште една работа за која што сакам да кажам, треба да направите ревизија внатре во Министерството за финансии во Владата, не Државниот завод за ревизија, не меѓународен ревизор, треба вие да направите ревизија како се трошат парите. Ќе викажам еден еклатантен, можеби приземен пример, меѓутоа многу интересен за вас.

Пред два месеци, тројца службеници од одредено министерство патуваат за Тирана. Едниот барал да оди со возило, сопствено, да му ги платат трошоците, не му обезбедиле. Ме зачуди зошто со друго возило не отишле сите тројца. Тријвата патуваат вака: не патуваат од Приштина, каде што патот Скопје-Приштина е помалку од час и летот Приштина-Тирана е помалку од час и картата е под 100 евра. Едниот патува преку Будимпешта, а другите двајца преку Виена. Трите карти чинат 2 илјади евра. Плус чекањето, бидејки трансферот е по 5-6 часови. Значи и изгубено време и средства.

Зошто е тоа направено? За да агенција која што е блиска на Есад Рахиќ, на Владо Бучковски, на Андреј Жерновски, на Силвана Бонева, Славески, ќе спомнам повеќе за да не се навреди никој, треба да земе некој денар повеќе? Сметам дека тука како Министерство за финансии треба да го штитите Буџетот од евазија.

Што се однесува до даночната евазија, криво ми е што мојот колега Илија Димовски не е тука. Првата даночна евазија од 3,8 милиони евра е од времето кога министер за финансии беше Никола Груевски. Тоа, времето ќе покаже.

Ви благодарам и уште еднаш би ве замолил како Влада да размислите, ако не сте подготвени да го повлечете овој ребаланс, да донесете нов ребаланс што со акламација ќе е усвоен, да вие како Влада, во рамкит ена Буџетот, каде што имате средства, реалоцирате дел од парите за надминување на штетите, санирање на штетите и за купување на опрема што ќе биде потребна на пожарникарите, војската, полицијата, односно на државата да се справи со оваа непогода. Бидејки штетите, јас ве уверувам, бидејки горат илјадници хектари шуми ќе бидат вброени со стотици и стотици милиони денари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Министерот за финансии има збор или реплика?

Реплика, повелете.

**Трајко Славески:** За оние прашања што во интерес на времето може да се одговори а се секако важни за јавноста, беше спомнато, а тоа е познато, дека во минатиот петок Владата на Република Македонија одржа вонредна седница на која што ги согледа проблемите настанати со ширењето на пожарите на повеќе места во Република Македонија.

Во Буџетот, уште не реабалансиран, постојат потребните средства што и сега се користат за интервенции. Но, до колку ребалансот на Буџетот се донесе што поскоро, ќе имаме повеќе средства да одговориме на предизвиците што ги носи природата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Рахиќ Есад, повелете контра реплика од една минута.

**Есад Рахиќ:** Само кусо како контра реплика.

Затоа и се согласувам, затоа и го дадов овој предлог Владата да размисли, бидејки воовој сегмент, кога денеска зборуваем, кога горат куќите во Битола, можеби и Владата требаше да размисли за повелкување и да се донесе ребаланс што Собранието ќе го усвои со акламација.

Ние имаме преку 300 амандмани кои што, претседателе, само да ги прочитате ќе ви треба еден ден. И тука мислам дека треба, во овој дел да размислуваме малку и како пратеници на народот, а не како пратеници на политички партии. Сега ќе се бориме дали ќе помине еден амандман или не.

Интересите што во моментот ги налага државата, состојбата, се поголеми од она што ние како припадници на политички партии, на позиција или на опозиција ги имаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега збор има господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Читајќи го делот на ребалансот на Буџетот, можеби ќе се приклучам на критиките на Рахиќ кога вели дека можеби треба луѓе кои се покомпетентни да се занимаваат со економските и финансиски прашања. Но, како и да е, мислам дека ние пратениците кои не припаѓаме на оваа проблематика, на оваа бранша, треба да го дадеме нашиот придонес во насока на тоа да се подобри или да сугерираме во насока на подобрување на оваа буџетска политика, односно на ребалансот на Буџетот за 2007 година.

Предложениов ребаланс буџетските приходи да се покачат, предлага да имапораст на приходите. Се предвидува да пораснат во однсо на даночните приходи, каде се предвидува да има порст во реализирањето на приходите од данокот на добивка, ДДВ, персонален данок, на акцизи и други извори.

Постигнувањата на расходите, се предлагаат да бидат многу поголеми во неколку ставки за кои ценам дека не се поврзани непосредно со интересите на граѓаните . Има пораст на расходите за економски промоции и тие се удвостручуваат. Зошто не се предвидуваат во области непосредно поврзани со интересите на граѓаните. Го поставувам ова прашање. Во однос на ова, мислам во една социјална и економск акриза што владее во Република Македонија, во една состојба ког амислам дека расходите на еден начин се неконтролирани и неслучајно се врши ребаланс на Буџетот за 2007 година. Покрај тоа во однсо на моите инфорамции дека Буџетот на државата финансиски се полни, но ова не значи дека е показател дека навистина треба да имаме ребаланс на државниот Буџет во насоки каде многу малку граѓаните на Република Македонија ќе имаат полза од овие финансиски средства.

Во последно време се соочуваме и покрај тоа што Владата на Република Македонија промовира една политика дека ќе оди во насока да се надмине состојбата, социјалната и економската криза во Република Македонија, на пример, Република Македонија и воминатото, односно минатите влади правеле грешки.Не случајно сега доаѓа нов аполитичка гарнитура на власт, учејќи се на грешките на минатите влади што ги направиле, но никогаш не смееме, на ниту еден начин да дозволиме да се повторат истите грешки што тие ги направиле, да ги правите и вие.

Невработеноста е со висока ставка. Нема резултат во оваа насока. Падот ан стандардот на вработените, во ниту еден сегмент од секојдневниот живот на вработените во Република Македонија немаме пораст на плати, на месечните плати. Имаме со години замрзнување на плати. Во последниве месеци, врз моите инфорамции, имаме трговски дефицит во земјоделието. Многу добро знаеме, иако јас сум член на Комисијата за земјоделство,имам информација дека лубеницата во југоисточниот дел на Република Македонија, каде најмногу се произведува, остана на пазарите и на ниту еден начин не може да се продаде во однсо на реалната иоптимална вредност, колку што заслужува еден земјоделец да го продаде својот земјоделски производ.

Во областа на образованието имаме тотална деградација. Нека ми каже некој, на пример, дека во еден период од 18 години, колку имаме пораст на плати во образованието кај наставниците во целина? Но, исто така колку има инвестиции во училиштата, посебно во руралните делови, во ридско-панинските места? Мислам дека истите грешки оваа Влада ги повторува,како и минатите влади во насока на инвестиции, подобрување на стандардот, во развојот на воспитно едукативниот процес.

Во областа на земјоделството, како што спомнав порадинедостаток и можноста да се пласира земјоделската стока, на земјоделците во Република Македонија,надвор од границите на државата,нормално со интервенција на државата е страм денеска земјоделецот да каже дека припаѓа на оваа категорија.

Во областа на капиталните инвестиции, недостасуваат инвестиции каде што примарно треба да биде: земјоделството, патната инфраструктура, водната инфраструктура, училишната инфраструктура, канализациит еи т.н., ова се клучни прашања и прашања што најмногу ги засегнуваат интересите на граѓаните на Република Македонија.

Во областа на културата, врз основа на моите инфорамции, од ребалансот на Буџетот се вршат инвестиции само во делот на македоснката етничка култура, за жал. Сигурно ќе се потрудите да ме демантирате дека се вршат инвестиции и во албанската култура, турската култура и т.н., но кога ќе дојдеме во областа на културата, ќе набројат колку инвестиции имаме посебно во облста на театарот, во која категорија на националностите се направени тие инвестиции. Или, се очекува да се инвестира од Министерството за култура. Велам за жал, иако министерот е Албанец во тоа Министерство.

Во областа на правичната и соодветна застапеност во државните инвестиции, било кој нека ми каже, имаме намалување во оваа насока. Но, јас ќе демонстрирам само во делот на Министерството за финансии каде вие тука, господине министре управувате како министер на тоа Министерство, во региоанлните министерства. Ќе зборувам со бројки.

Имам инфорамции што произлегуваат од дневниот печат, нона ниту еден начин нема демантирање од ваша страна, да ги демантирате овие информации што се објавени во дневниот печат. Се предвидуваат мерки за намалување на сиромаштијата. Резултати немаме, како што реков претходно во воведниот дел. Само се

продлабочува сиромаштијата од ден во ден. Се намалува во деловите што сте ги предвидувале, намалување на помошта или социјалната помош, посебно кај категоријата граѓани на Република Македонија, без оглед на нивната етничка припадност, на социјалната и религиозната припадност, имаме граѓани кои се одалечени од работните места, отпуштени. За да опстанат, да егсистираат, тие одлучиле да опстанат само преку социјалната помош, а кај овие категории имаме намалување на оваа социјална помош. Мислам дек ана еден начин се врши голема измама на граѓанит еи јавноста во Република Македонија со политиката на вработување од оваа актуелна Влада.

Една категорија на сезонски вработувања од 3-4-6 месеци не е решение на статусот на вработениот во Република Македонија. Но е еден сезонски период од 7-8 илјади денари месечна плата без да се платат другите придонеси.

На еден начин се врши и селективна електрификација на селата во Република Македонија. Се псотавува следново прашање, се разбира непосредно до вас. Ако имате инфорамции од министерства што припаѓаат на оваа проблематика кои региони, кои подрачја и населби се електрифицираат? Дали се врши во оние подрачја каде бројот на населението е многу мал, по густина или се врши електрификација за да се сочува делот концентриран на населението во руралните подрачја, каде има потреба од патна инфораструктура, водна инфраструктура, за канализација, но исто така и за електрификација.

Има цели села, не само во западниот дел на Македонија тукуи на северниот и Источниот дел каде има голема густина на жители кои живеат но немаат ниту електрификација, ниту ништо. Овие подрачја, овие населби, каде што можеби едно време имало 500 куќи, денес има само 5 куќи. Таму има и систем за наводнување, има и патна структура и систем за канализација само за да се сочуваат 4-5 старци, 4-5 куќи. Не сум против нив, бидејки и тие имаат право на живот како и сите други граѓани на Република Македонија, иако овде имам големи тенденции.

Мене ми беше смешно тоа што во средствата за јавно информирање беше презентирано прашањето на таканаречените народни кујни. Мислам дека сето тоа е една голема демагогија, една популистичка политика се пропагира преку средствата за јавно информирање, за овие народни кујни. Јас сум историчар по професија и колку знам народните кујни се правеле обично после војните кога луѓето останале по улици, изместени од нивните места на живеење и поранешната Комунистичка партија ги сместила во кампови и им давале јадење и други работи. Но во една држава, стбилна држава како што е нашата, во една институционална држава да се инвестираат финансиски средства во народни кујни и да се пропагира една бедна социјална и економска состојба на нашите граѓани, јас мислам дека е голем грев. Тие финансиски средства би требало да се инвестираат таму каде што треба, да се инвестираат во економијата, во стечајни претпријатија, резултатот мислам не може да биде веднаш, но резултати ќе следат, говорам на долгорочен план.

Го спомнав сегментот на земјоделието и неговите елементи, говорам за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Мислам дека земјоделската категорија е една од суштинските сегменти на Република Македонија и еден од највиталните елементи за развојот на земјоделието во Република Македонија, еден од клучните елементи за економскиот развој на земјата, кога Република Македонија располага со огромен број на обработливи површини, но не обработени, бидејќи недоволните инвестиции во оваа насока, навремените инвестиции и на потребното место, на еден начин класифицирани инвестиции, во овој момент категоријата на земјоделец е да се види себеси и можеби да се страми, иако не е срамота да бидеш земјоделец. Ние преку категоријата за намалување на сиромаштијата сме донеле и еден закон во Парламентот, преку ангажманот на лицата со давање под наем на државното земјиште да се уреди социјалниот и економскиот статус, но исто така и да се вработат луѓето, плаќајки ги своите придонеси и така на еден начин да се отстрани состојбата на невработеност, се врши дестимулација или се прави погрешна стимулација. Денес неслучајно во западните земји клучниот елемент е земјоделието, а понатаму доаѓа и стопанството.

Јас во моментот сум скептичен во однос на инвестициите во областа на земјоделието. Имено инвестициите во областа на земјоделието, сточарството и тн., во мојот вокабулар обично сум внимателен со етикетирања, но би побарал објаснување од вас господине министер, на некој начин да ги објасните овие мои обвинувања. Инвестиции се прават врз етнички и политички основи. Етнички, за жал, се прават во поголемиот дел на македонската етничка заедница и недостасуваат сите населби и населени места кои се населени со други етнички заедници. Се разбира има и политички позадини. На пример се формираат акционерски друштва за откуп на вишок на земјоделско производство и тоа во пет региони, во Росоман, Струмица, Гевгелија, со исклучок на Тетово и Ресен. Кога велам исклучок, не случајно го велам тоа, бидејќи до колку во западниот дел, на пример во Тетово, немаше, тогаш би било комплетно смешна етничката политика на актуелната Влада. Зошто не се предвидува во северниот и северозападниот дел на Македонија, еден ваков центар за откуп на вишок на земјоделски производи, делот на Карадачието и делот на Липково. И таму има големо земјоделско земјиште, инвестиции со години нема, не само оваа Влада туку и претходните влади немаат инвестирано во овие подрачја. Но, не значи до колку тие не инвестирале и ние да продолжиме со истата политика, дискредитирачка и дискриминаторска

во овој дел на Република Македонија, бидејќи јас разбирам дека Македонија е територијална целина и сите граѓани на Република Македонија кои се нејзини државјани треба дефинитивно да ги уживаат истите права пред Уставот и законот.

Имавме инвестиции во источниот дел на Република Македонија.

Колешке ако имате нешто да кажете, дојдете овде и кажете од говорница. Со желба ќе ви го отстапам местото. Ве молам бидете малку поспокојни и сочувајте го вашето достоинство, но и нашето, бидејќи никогаш не сум ти го слушнал гласот од оваа говорница.

Реков, има инвестиции во источниот дел на Македонија. Почнаа од поодамна. На пример, хидроститемот Злетовица од 111.340.000 денари имаме пораст на 176.000.000 денари. Хидроститемот Лисиче 76.695.000, имаме пораст на 110.000.031 денари, што е за поздравување. Не е лошо тоа, бидејќи е тоа еден дел од Република Македонија каде треба да се инвестира. Но, не гледам други хидросистеми.

Понатаму има друга категорија, уредување на водните текови на река Вардар, наводнување на Јужновардарска долина, не се спомнува северниот дел, туку Јужновардарска долина каде со ребалансот се даваат 246 милиони денари.

Кај другата категорија од 36.700.000 денари, имаме пораст на 70 милиони денари.

Јас би ве замолил, на човечки начин и џентламенски, да ми објасните што подразбирате со реченицата - Јужновардарска долина, што подразбирате со реченицата - проект за развој на јужни и источни рурални региони. Тоа ми е прашањето. Република Македонија е составена само од јужниот и југоисточниот дел, нема централен дел во Македонија? Македонија нема северен дел, Македонија нема западен дел? Тогаш, ако вие се откажете од другите делови на Република Македонија, без оглед на етничката припадност на тие граѓани кои живеат на овие подрачја, тогаш кажете ни ние да преземеме мерки. Како ќе најдеме начини, донации, ќе финансирамено ќе знаеме дека од државата немаме инвестиции. Бидејќи немаме помош од државата, ние како пратеници, преку општините ќе отпочнеме со разни проекти да финансираме и тн. Централната власт да знаеме дека не сака да помогне. Никаде не се предвидува за западните делови, за северниот дел, североисточните подрачја на Македонија, а само се предвидуваат за јужните и источните рурални делови. Жалам, но сакам тоа да го кажам пред пошироката јавност и пред колегите пратеници. До колку некој мисли да ме демантира нека излезе со факти и аргументи.

Селективни инвестиции во земјоделските реформи. Системот за наводнување.

Многу добро знаеме каков ни е иригационалниот систем и хидромелиоративниот систем. Некаде е уништен целосно, некаде е делумно уништен, некаде се инвестира, некаде се обновува. Но, повторно, можеби сум локалист, но сум од тоа подрачје и сакам да го спомнам. Имено овде се спомнуваат системи за наводнување во Тиквешиеото, во Брегалница и Полог, а хидромелиоративен систем имаме и во општина Липково што се застарени и неодржувани. Државата не ја интересирало да инвестира во овој систем. Липково има две брани, горна и долна брана каде цела општина и градот Куманово се снабдува со вода од овие две брани. Често пати со министерот за земјоделие, господинот Спасеновски расправавме околу ова прашање.

Се вели има недостаток на вода. Се согласувам дека има недостаток. Водата најпрвин треба да се користи за пиење, но има и други методи и разни начини да се најде вода преку бушење на извори, правење на базени за наводнување на тоа земјоделско земјиште. Тие што не го знаат тоа добро е да потсетам дека Израел имаше војна во Голан со Сирија, само заради водата. Израел е држава која е ридско планинска и нема вода, но има најдобар систем за наводнување и вода за пиење на тој Блиски Исток, а ние имаме вода, имаме позиции за изнаоѓање на вода, но недостига волја и интерес на државата.

Верувајте ми господин министер, не знам дали сте ги прочитале нашите амадмани, јас за сите овие проблеми сум поднел амандмани и ќе видам колку ќе бидете сензибилни и колку ќе бидете заинтересирани, распределбата на финансиските средства да биде на сите подрачја на Република Македонија, без оглед на регионот.

Надлежностите на Министерството за транспорт и врски. И во ова Министерство, можеби не е во ред да кажам, но и овде се врши дискриминација. И ова Министерство е дел од Владата. Се се прави но ништо не се завршува.

Со години Асан Бег или Сингелиќ, со над 7-8 илјади жители, населба припоена на населбата Ченто. Господине минситер ако сте од Скопје можеби го познавате овој дел. Говорам за населбата Ченто, населба на Општина Гази Баба, урбана општина, општина на Град Скопје. Тоа го говорам заради јавноста, бидејќи сигурно вие тоа го знаете. Народот таму живее во неповолна состојба каде каналот поминува по средината на селото и не се трпи реата од отпадните води. Канализацијата почна по целото Стајковски и продолжува во селото Сингелиќ и е прекината оваа инвестиција. Другиот дел на Сингелиќ и излезот од Сингелиќ, се надоврзува на населбата Ченто и се припојува со село Инџиково и тука завршува во среде село Инџиково и не се излева во реката Вардар. Сите отпадни води што се вклучени во системот на канализацијата во тој дел што води во правец на Инџиково, сите одпадни води се прелеваат во среде село и луѓето не можат да живеат релаксирано, како граѓани. Од здравствњен аспект го говорам тоа. Реата не се трпи во овие високи темепратури. Министерството за транспорт и врски и Владата во целост не ја помага ниту Општина Гази Баба ниту ов населено место, бидејќи не може Општината и Градот Скопје, овој проект да го

финализираат, нормално без помош на Министерството за транспорт и врски. Овде, со овој Буџет не се предвидува за делот на канализацијата во целина, но се предвидува како дел на овој проблем.

Селото Арачиново. Можеби некој не може да слушне за селото Арачиново, како име, но треба да бидеме реални. Селото Арачиново е населба, административна единица, тоа е општина. Сакеле или не Арачиново не можеме да го изместиме во Албанија, ниту Мала Преспа да ја донесеме на место на Арачиново. Секој живее на својата територија. Мислам дека Арачиново и неговите граѓани и Општина Арачиново еднаш засекогаш треба да се третираат како што се третираат сите граѓани и општини во Република Македонија. Во една населба која со жители е втора во Република Македонија, која населба е 12 км од центарот на Град Скопје, иако е рурална општина, е блиску до Градот Скопје и во неа, господине министре, живеат над 10 илјади жители.

Уште во Буџетот за 2007 година побарав финансиски средства за вклучување на тие луѓе во системот за вода. Училиштето во Арачиново има над 2500 ученици. Учениците од Арачиново од Скендер Бег, пијат загадена вода, пијат вода од извори, од бунари, пијат нечиста бактериолошка вода. Пет одлуки Санитетската инспекција и даде на Општина Арачиново и Управата на Основното училите "Ѓеш Кастриоти Скендер Бег", учениците да не ја употребуваат таа вода. Владата е глува, не само оваа и минатите влади од 1990 година наваму.Сите влади се оглушуваат на овој проблем. Да не мисли некој дека една влада критикувам, а друга не. Јас сум реален. Но, какои да е мандатот е ваш и одговорноста е ваша, да го решите овој проблем.

Господине министер јавно ве известувам, од 500 илјади евра кои треба да се инвестираат за вклучување на граѓаните на Арачиново во секундарниот дел на водоводот, во неговата мрежа, барам со амандман само 100 илјади евра. Значи само 100 илјади евра барам за граѓаните на Арачиново, са тие деца во училиштето, за амбулантата во Арачиново.

Село Орланце, населено место на општина Арачиново. Луѓето по 50 км патуваат за да наполнат вода. Стоката им пцовисува во сред село. Им треба само 1.700.000 денари. Системот за наводнување е внатре односно 27.600 евра се потребни за да се заврши проектот во село Орланце, Општина Арачиново. И за ова господине министре поднесов амандман. Не знам колку сте ги прочитале овие амандмани, но како и да е, јас имам обврска да ве известам за овие проблеми, се разбира вас, Парламентот и пошироката јавност.

Населба Липково, не Општина Липково. Претходно спомнав располага со две брани.

За да се заврши проектот на водоводот Липково-Оризари овој проект чини 1.800.000 евра. Количината од 1.200.000 евра известен е како Министерство за транспорт и врски, се знае количината од 1.200.000 евра ја финансира Австриската амбасада. Услов е Владата и Министерството за транспорт и врски да доделат само 256 илјади евра или 15 милиони и 990 илјади денари, или околу 16 милиони денари. Значи, странските Влади, странските амбасади се заинтересирани да инвестираат. Тие се во состојба да инвестираат 1милион и 200 илјади евра, а државата да финансира само 265 илјади евра. Но, за да се заокружи водоводот Липково - Оризаре и за ова господине министер, поднесов амандмани. Имав поднесено амандмани и за други нешта и за други работи. Но, ова овде го спомнав како еден од амандманите. Бидејќи, Липково како Липково има своја вода во центарот на селото, го служи Куманово, а самото Липково нема вода за пиење. Ова, за мене е апсурдно. Ако некој од колегите пратеници мисли дека е ова во ред, да имаш вода во твојот двор и водата да му ја дадеш на соседот, а ти и да не пиеш од таа вода, мислам дека ова нема никаква врска со реалноста, а најмалку со хуманост. Се инвестира во градската трибина. Господине министре во Буџетот за 2007 година не предвидовте ниту еден денар за оваа работа. Сега предвидувате, ако не грешам, 150 милиони денари за северната трибина. 150 милиони денари се гради бетон, што мислам дека е во ред и треба да се инвестира во спорто, но кога ќе размислиме малку одлабоко, дали е подобро да инвестираме во една градска трибина или во овие проблеми кои ги спомав, водовод, канализација, состојбата во училиштата итн. Значи Министерството можеше да додели средства од нула денари во Буџетот, во ребалансот да предвиди 150 милиони денари за оваа намена. Ех, сега ако јас грешам и дека јас мислам против државата, интересот на актуелната Влада и граѓаните, повелете кажете ми господине Сафет грешите дека треба да се инвестира во градскиот авион, а потоа што ќе останат, ќе инвестираме за водата на граѓаните и за другите потреби кои ги имаат граѓаните.

Исто така, имате отпочнати проекти и во општина Студеничани. Одпочнати се проекти за реконсрукција напукната станица и цефководот за вода во село Студеничани, а за завршување на овој проект остана малку за негово завршување, ви требаат 2.500.000 денари. Јас сум однел, мојата пратеничка група поднесе амандман во однос на ова прашање за изградбата на фекалната канализација во село Батинце, каде исто така треба 7 милиони денари. Исто така, нашата парламентарна група ДУИ - ПДП има поднесено амандман за локалноит пат Драчево - Преслап. Потоа, поднесовме амандман, бидејќи има потреба за тие граѓани во делот на децентрализацијата се врши извонредна голема дискриминација. Врз основа на ова можам да констатирам во овој дел дека воопшто нема инвестиции во руралните општини. Не значи само албански рурални средини, но и во другите делови, во источниот и во централниот дел на Македонија има проблеми, меѓутоа мене ме

засега каде што гравитирам јас најмногу. Всушност, за него говорам. Се врши една голема дискриминација. Сега отпочнува процесот за втората фаза на децентрализација на локалната самоправа, каде врз основа на моите информации се предвидува неколку од општините во нивна надлежност да биде примарното здравство и средните училишта. На пример, како може во неколку општини, каде се разбира оваа Влада има направено градации која општина ќе ја помине првата фаза, која втората фаза, која не може итн. Од политички побуди итн., но овие општини кои што ќе ги земат надлежностите таму имаме училишта, основни училишта и средни училишта, каде врие со глувци по училниците. Нема прозорци, на овие училишта им капе кровот, на општините не им се доделуваат финансиски средства да им помогнат во овој дел да се менаџира со основните и средните училишта. Се разбира, да менаџираат и со примарното здравство говорам зо општините. Мислам дека со децентрализацијата имаме голема дискриминација, а ова ќе се види многу брзо.

Образование и наука. Во овој дел на образованието и науката, каде се предвидува од ова Министерство, верувајте нама минимални услови за развој на воспитно едукативниот процес. Ќе ги спомнам неколку училишта, но ќе кажете фазата е подготвителна за да почне изградбата на училиштето. Да одите да видите господине минисер во селото Никуштак, тоа е првото село кое почнува во општина Липково. Јас се изненадив кога го видов ова училиште, тој објекти и не знаев дали е училиште или е плевна за домашни животни. Ниту санитарни чворови има, ниту вода за пиење, скршени прозори без фасада, оштетени врати. Кога се влегува тука е ужас како во хорор филмови. Ова училиште го зедов за пример. Овде не се предвидува да се инвестира, меѓутоа ме чуди и нешто друго. Владата предвидува компјутери за секое дете. Јас се согласувам за тоа. Агим Рамадани седи мирно, биди спокоен. Изградбата на спортски сали, училишни, господине министер, не можеш да г радиш спортска сала кога немаш училиште. Не можеш да однесеш компјутер одека детето живее, учи, или ученикот учи во вонредни услови, лоши услови. Како пример ќе ја земам гимнасијата Зеф Љуш Марку во Скопје. Карпош три или четири во Нерези, населба Нерези е периферен дел на гимназијата Зеф Љуш Марку. Говорам за помошнот објект. Тоа училиште беше наменето од 1 до 4 одделение да учат учениците, а таму учат ученици од 14-15 годишна возраст до 18 годишна возраст каде што не требаше да има во училниците повеќе од 25 ученици, а таму учат по 40 ученици во еден клас. Тоа е уште полошо 4 класа, училници функционираат во подрум, каде има голема влага, слаба светлост, инсеки кои се движат по ходниците и се разбира дирекцијата на гимназијата Зеф Љуш Марку бара од Министерството за образование и наука да се интервенира во санитарните јази, чворови, во мрежата за водовод и канализација, бидејќи често пати во училиштето отпадните води се враќаат назад внатре во училиштето. Замислете, одпадните води се в раќаат во самото училиште. Дали моче во 21 век некој да учи и да работи во такви услови. Голема влага, не се трпи миризбата на влагата од многу инсекти во средно училиште Зеф Љуш Марку. Директорот, се разбира бара од Министерството за образование и наука од господинот Рушити да му помогне, можеби ќе го здоболе за ова албанско училиште, кое до вчера имаше и македонски ученици, се разбира, беше глув во однос на барањата на директорот на гимназијата зеф Љуш Марку и ниту еден денар не додели, се додека директорот го извести амбасадорот на Европска унија господинот Фуере. Но, за овој проблем во гимназијата Зеф Љуш Марку, да не говорам за објектот, за вековниот објект на новата гимназија Зеф Љуш Марку, еден господ знае кога ќе се заврши тој објект иако се предвиделе околу 500 илјади евра за оваа гимназија. Овде се бара санација во помошниот објект во Нерези. Таму нема прозорци, замислете зимно време нема прозори, кои се изградени по 1963 година. Потоа, нема врати, тие не се затвораат, а велиме средно училиште во градот Скопје. Јас господине министер, поднесов амандмани, каде според сите барања и потребите на училиштата потребни се околу 69 илјади евра, но јас одлучив да побарам 30 илјади евра да се помогне ова училиште не би било лошо во клучнот дел да се подобри состојбата на ова училиште, на помошниот објект Зеф Љуш Марку, колку толку да се релаксираат учениците во ова училиште. Замислете, јас не видов дека ме демантира господинот Рушити, жалам но се говори за Владата и ребалансот на Буџетот од 107 милиони денари предвидени за реконструкција на средните училишта, господинот Рушити од 107 милиони денари само 1 милион денари им додели на средните училишта кои се менаџираат од директори албанци. Ова е јавно објавено во весник. Господинот Рушити ова не го демантира. Значи, колку пари побара директорот на Зеф Љуш Марку и другите директори, фактички ги запоставил нивните барања. За бедната состојба во руралните делови, спомнав и кажав за тоа. Јас, госодине министре, имам директно прашање, ако се сеќавате во Буџетот за 2007 година, јас побарав 3 милиони денари за основното училиште Геч Кастриотес Скенедер и ми дозволивте со амандман, значи доделивте средства. Зошто сеуште не се активирани тие средства. Тие финајнсиски средства, колку што знам, треба да се активираат сега кога учениците се на одмор. Кога учениците во основното училиште се на одмор на нив треба да им се дозволи училиштето да се уреди, да се реконструира, но тие средства не се доделени само сте ги предвиделе со ребаланс.

Во делот на културата, се финансираат културни проекти на македонски јазик, како на пример театарски претстави. Ќе ги спомнам во оригинал на македонски јазик. Сомнително лице, Болва во уво, Македонски рулет, Кинољубов, Да се заборави Херострат, Проклетство на

изгладнетата класа, Четвртата сестра, Тариф, овие се неколку проекти кои се финансираат од министерството за култура. Во делот на албанската култура на албанскиот театар се предвидува Коњот на кочијата, Лавиринтите, само две претстави. И турскиот театар Зад кулисите, Се поблиску, и овде не гледам дека има инвестиции во областа на културата нешто сензибилно. Се предвидува изградба на многу цркви, манастири, а јас не сум против тоа, треба да се обноват и да се изградат, се предвидува Конзервација и реставрација на Шарената џамија во Тетово. Говорам од аспект на верската култура. Поставувам едно прашање, ме зачуди делот на намалување на неколку финансиски средства. Реставрација на домот на Мајка Тереза од 15.500.000 денари се намалени 10.282.000, денари, додека за Музејот на ВМРО, што е секако во ред и се работи за една наследна култура на македонската историја беа предвидени од 8 милиони и 300 се зголеми на 10 милиони и 600 илјади денари. Сега, поставувам прашање, ми се раѓа сомнеж дали овие финансиски средства да не се земени од делот кој требаше да се направи реставрација на куќата на Мајка Тереза и да се дадат за Музејот на ВМРО. И, ова беше доста транспарентно и ова е прашање за да можеме да размислиме, како и сите мои говори во овој дел за дискриминацијата, се надоврзуваат со ова што го говорам.

Директно прашање до вас, господине министре, за делот на Министерството за финансии. Мислам дека продолжувате дискриминаторска политика кон албанците во вашето Министерство со кое што вие управувате. Тие албанци кои биле вработени во минатиот мандат од друга политичка гарнитура, сега во вашиот мандат се дегрдираат неколку степени подолу. До сега имам информации дека нови вработувања не сте имале воопшто во вашето Министерство. Од 360 вработени во вашето Министерство, само 33 албанци или вкупно 11% се од вработените. Додека во регионалните единици процентот на албанците е 9%. Можеби грешам, но мислам дека вие требаше во еден дневен весник да го демантирате тоа, бидејќи ова се објави во весник и се дадоа инфорамции, но вашето Министерство ова не го демантира дека не е вистина. Бидејќи, вие не го демантиравте ова, фактички вие докажувате дека ова е вистина.

Јас не сакам да должам, Мислам дека беше доста ова што го кажав во моето излагање, но верувајте ми господине министер и колеги пратеници, можеби сум постапил од локалистичка позиција, бидејќи мандатот ми е од тој дел и сакав сензибилизирам овие состојби на една политика, за која јас лично мислам дека е погрешна политика. Но, верувајте ми во ниту еден момент не сум стартирал од позиција, националистичка позиција од позиција на шовинизам, туку од сосема една друга позиција, како граѓанин од една правилна позиција каде треба да се инвестира, каде сум можел да забележам и да увидам дека нема здрави инвестиции и добри инвестиции. Јас очекувам од овие мои барања и нашата пратеничка група ДУИ - ПДП, нашите амандмани да се прифатат кои се поклучни и по витални. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Агим Рамадани има реплика, но пред тоа има предност министерот за финансии, да му дозволиме на министерот да излезе со својот говор. Повелете министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Имаше повеќе прашања, но во врска со некои, да речам, тези каде што се користи зборот или се импутира за дискриминација, јас ќе спомнам дека говорот на претходниот говорник го разбирам како претставник на опозициска партија, а не како претставник на една од заедниците, затоа што така прозвучи и затоа што има и други пратеници во ова Собрание, кои воедно застапуваат и ставови на заедниците во Република Македонија. Времето ќе покаже, како што кажа и почитуваниот пратеник, дека нема никаква дискриминација во областа на децентрализацијата. Во завршна подготовка е списокот на општини кои што ги исполнуваат условите за премин во втора фаза и таму ќе видиме кои општини се во Република Македонија и каков е нивниот распоред. Јас само нешто навестив во моето излагање дека прилично ќе биде висок бројот на општини, кои што ќе бидат на некој начин прокламирани дека ги задоволиле условите за премин во втора фаза на фискална децентализација.

За неколку проекти кои имаат гографски одредници кои не се совпаѓаат со конституенцата на почитуваниот пратеник, самиот кажа, тоа е многу искрено, застапува една конституенца која е во северниот дел од Република Македонија и северозападниот, каде беа спомнати јужновардарскиот регион односно Јужно вардарската долина, тоа е систем за наводнување. Понатаму проектот југоисточен регион за развој на земјоделството. Само да спомнам нешто што веројатно можеби поминало преку овој Парламент. Ова се проекти првиот финансиран преку КЊ банката- германската банка со една процедура која поминала и низ Владата и низ Парламентот и овие средства што ги спомна почитуваниот пратеник е она мало учество што го има Република Македонија во тие проекти.

Вториот проект е финансиран од Светска банка. Исто како што Република Македонија со буџетски средства учествува со сопствено учество за проекти како што беше спомнат и во други делови на Република Македонија каде донатори даваат средства за помош на локалните заедници во земјата. Значи, воопшто нема никакви намери во дистрибуцијата на инвестициите во било кој сектор, дали станува збор културата, образованието, стопанските инвестиции и слично, секогаш кога ќе почне да се набројува ваму и ваму не можеме да одбегнеме дека има слободна економска зона во Тетово, дека има планирано

откупен пункт за вишокот на земјоделските производи повторно во Тетово и слично.

Прашањето во врска со импутацијата дека наводно средства се одземаат од проектот за изградба на Меморијален музеј - одбележување на живеалиштето на Мајка Тереза и се пренаменуваат за друга намена, да спомнам дека ребалансите на буџетите се прават токму за тоа. Откако ќе се увиди како тече во опредлеен временски период од година реализацијата на средствата и ако се заклучи дека одобрените средства до крајот на годината можеби нема да се искористат во целост, тие се префрлаат на други ставки. Овде нема никакво совпаѓање на едната со другата ставка, како што беше цитирано од пратеникот.

Еве јас лично ќе прашам во Министерството за образование и наука, добро е што го потегнавте тоа затоа што и двајцата сме учествувале во една добра работа да се одобрат дополнителни средства за училиштето "Џерџ Кастриот", да провериме до каде е работата со тендерските процедури. Претпоставувам дека станува збор за подготовки кои се веќе направени и работите најверојатно ќе се извршат во еден планиран рок од страна на ресорното Министерство за образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика на говорот на министерот се јави господинот Сафет Незири, повелете вашите три минути.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Мислам дека добро кажа министерот, не се говори дека јас претставувам етничка група иако припаѓам на една етничка група, албанска, но во Парламентот сме парламентарна група избрани од граѓаните на Република Македонија, иако тие граѓани се поголем број албанци, но како и да е јас бев искрен во насока на тоа дека за делот каде треба да се интервенира финансиски да им се помогне на граѓаните на ова подрачје и нормално да се подобри економската и фианнсиската состојба на овие граѓани да имаат минимални, не оптимални, услови за живот.

Но, вие спомнавте за странски банки кои финансираат разни проекти, вие добро знаете, сакам и јавноста да знае дека овие финансиодат преку министерствата и Владата. Сега, Владата каде мисли дека треба ги канализира тие финансиски средства и таму ќе се доделат тие средства. До колку мисли дека треба да се доделат во Источниот дел, ќе се инвестираат од странците, но тоа е тоа во мојата дискусија.

Во однос на Мајка Тереза јас не реков на класичен начин дека се земени финансиските средства од оваа ставка од Мајка Тереза да се доделат за уредување на музејот на ВМРО, туку реков дали има можност дека се земени од оваа ставка и сеуште не завршен процес на Домот на Мајка Тереза, а доделени на Музејот ВМРО. Јас не реков дека се земени од една во друга ставка. Тоа беше смислата на мојата реакција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот министер има контра реплика, повелете една минута.

**Трајко Славески:** Само заради појаснување, кога станува збор за политиката на донаторите, беше кажано од господинот Исени дека Владата е таа што ги насочува инвестициите кои доаѓаат дури од донации.

Секој донатор активно учествува во спроведувањето на политиката и Владата е секогаш сензибилна за нивните укажувања.

Токму оттаму, ако се погледне регионалната дистрибуција на низа инвестиции што се вршат преку странски донации може да се види дека сепак е водено сметка за сите аспекти од реализација на тие инвестиции.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам .

Господинот Агим Рамадани има реплика на искажувањето на господинот Сафет Незири, повелете вашите три минути.

**Агим Рамадани:** Почитуван претседател, почитувани пратеници, само заради едно трошење на време и одговор на господинот Сафет Незири кој постави многу прашања, многу барања до оваа Влада и до министерот за финансии заборавајќи да постави прашање или барање до колегите во партијата во кој е како коалиција, како што вели самиот, господинот Џемали Мехази да му постави прашање, да му псотави прашање на господинот Фатмир Бесими, на Агрон Буџаку, на Азис Положани, на Садула Дураку и да постави прашање на Муса Џафери. Знаете зошто? Затоа што сите овие беа министри, а Муса Џафери беше за реализација на Охридскиот рамковен договор. Самиот знае за тоа. Зошто го велам ова? Вие не поставувате вакви прашања затоа што знаете дека оваа Влада покрај инвестициите што ги прави во Северозападниот дел на Македонија, во албанскиот дел сепак не го дискриминира и другиот дел. Министрите работат многу добро и во ред, меѓутоа, вашите сега ќе го отвориме тефтерот и ќе најдеме толку лоши работи и дел од пратениците што се инволвирани истите ќе одговараат пред Законот, како и сите други.

Што се однесува до нашите инвестиции, ќе ви кажам затоа што времето ми е кратко, вработувања . Земавме 80 администратори на кои вие им дадовте решенија само за да влезат да гласаат на изборите. 250 нови администратори, следи нов конкурс за 350, многу добро рече нашиот претседател пред две недели докрајот на оваа година 3000 албанци ќе се вработат и со тоа ќе се реализира Охридскиот договор така како што е напишан.

Господине Сафет Незири, оние села што ги спомнавте во делот на Карадак, го имате министерот Садула Дураку, кој беше министер за земјоделие и за инвестиции во земјоделието тој не направи ништо, не даде ниту еден денар, ниту една канализација или водоводна мрежа.

Одимена културата, дали малку ви се чини Домот на културата во Тетово кој ќе стане библиотека, но вие не оставате да го средиме. Дали ви се малку спортски сали, Институтот за културно наследство што се прави во Скопје, што направивте вие? Ништо. До сега само го донесовте Скендер Бег, кој го почитувам и ништо друго. Ниту еден денар не доделивте за нас албанците, да не ги спомнувам по ред сите, има толку многу, времето е кратко, но вие што гинаправивте тие урамниловки, каде ќе одите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за Сафет Незири, вашата минута, повелете.

**Сафет Незири:** Господине Агим Рамадани вие сте дежурен во име на ДПА да реплицирате, но жалам што изгубивте 170 милиони кои Министерството за образование и наука ги предвиде за средните училишта, Сулејман Рушити додели само еден милион на албанските училишта.

Овие работи што се направени се резултат на тоа дека претходната гарнитура донесе Одлука и Закон и сите овие проекти отпочнаа во време на ДУИ и СДСМ, а сега ги уживате тие работи. Но, вие ги злоупотребивте 81 администратор, бидејќи не сте имале право да ги вработите, бидејќи се со конкурс, минатата година го добија работното место заслужено. Немојте да правите политичка демагогија и немојте да го лажете народот и што правите вие никој не прави. И уште едно да ви кажам ако сте добри, ако имате појак легитимитет, би вратиле надеж на општина Желино, а вие не враќате, мислам на вашето Министерство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

(Господинот Рамадани бара реплика)

Господине Рамадани, сожалувам, немате право после контрареплика се завршува дуелот, а ако сте пријавени за збор, кога ќе дојдете на ред, ќе си добиете збор, за тоа имате право.

Збор има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, почитуван министер,

Дозволете ми најпрвин од името на СДСМ да ја искажам својата загриженост за ситуацијата во Република Македонија околу пожарите. Би сакала да кажам дека до колку на време беше овој ребаланс на Буџетот доставен, сега ќе бевме во позиција да дискутираме за некои од амандманите кои ги поднесовме, а се однесуваат за набавка на противпожарни апарати, зголемување на бројот на шумски полицајци и дополнително ангажирање на пожарникари што сигурно сега ќе ни овозможеше подобро справување со оваа стихија.

Меѓутоа, за жал, приоритетите кои ги слушавме и кои можевме да ги видиме во изминатиот период на ова владеачко мнозинство се сосема други. Тоа го покажува и однесувањето на градоначалникот на Битола господинот Владимир Талевски кој не ги прифати сугестиите на советниците на СДСМ при усвојување на Буџетот на општината за оваа година да се обнови и да се набави нов возен парк на противпожарната служба во Битола со што значително ќе се овозможеше подобро и побрзо интервенирање во ваква ситуација како што е вчера и денес Битола.

Господинот Владимир Талевски со советниците на ВМРО-ДПМНЕ сметаа дека овие средства наместо за оваа намена подобро е да се наменат за купување на нова службена кола на градоначалникот Владимир Талевски и со тоа уште еднаш покажа дека приоритетите не се решавање на прашањата и проблемите на граѓаните, туку исклучиво приоритети се прашањето од лична природа.

Меѓутоа, за жал, ваквото однесување на градоначалникот на Битола не е само локално прашање на ВМРО-ДПМНЕ, Предлог ребалансот на буџетот кој го добивме покажува дека приоритетите на оваа владеачка гарнитура не се во насока на решавање на прашањата на проблемите на граѓаните, туку се сосема лични.

Во прилог на тоа зборува фактот, зборува начинот на кој се реалоцирани одредени ставки во Буџетот.

Во едно од интервјуата кои господинот Трајко Славески ги даде истакна, а тоа го направи и во воведното излагање, дека ребалансот на Буџетот е предложен заради три прашања.

Првото е децентрализацијата.

Второто е зголемувањето на приходите од данокот и

Третото е реалокација на одредени ставки во Буџетот.

Повтори дека е на време.

До колку имаше искрена намера со овој ребаланс на Буџетот да се корегираат одредени политики во функција и во интерес на граѓаните, до колку првичната намена била за почеток на втората фаза на децентрализацијата или на фискланата децентрализација, тогаш ние овој Буџет немаше да го добиеме во јули, ќе го добиевме некаде во јуни заради тоа што втората фаза од децентрализацијата требаше да започне на 1 јули оваа година. Вака сега се доведуваме во ситуација на крајот на јули сеуште да немаме ребаланс на Буџетот, а сме се обврзале како држава да ги почитуваме роковите за децентрализација како еден од најголемите проекти кои ќе ја доближат администрацијата и услугите до граѓаните, но на тој начин ќе оневозможиме почеток и нормално функционирање на општините, согласно она што како обврски им припаѓаат во целиот процес и заокружување на процесот на децентрализација.

За жал, се покажа дека не е тоа приоритетот, не е приоритет исполнување на стратешките обврски на Република Македонија, туку приоритетите и во овој ребаланс се исклучиво од лична природа и практично одредена кампања која ВМРО-ДПМНЕ и Владата ја прави во изминатиот период.

Господине Славески вие должите на македонската јавност објаснување вклучително и со овој ребаланс на Буџетот да ни одговорите колку средства им исплативте на избраните и именуваните функционери кои доаѓаат од странство за одржување на нивните имоти во странство. Како министер за финансии не треба да бегате од одговор на вакви прашања. Штом Владата предложи таков закон, штом парламентарното мнозинство сметаше дека тоа е еден од приоритетите за сметка на решавањето на прашањето на стечајците за сметка на други прашања кои се поприоритетни зошто овој приоритет - плаќање на имотите, за одржување на имотите на избраните и именуваните функционери не се наоѓа во вашиот Извештај, зошто не кажувате колкава е таа ставка, за колку точно функционери станува збор, за сега знаеме за 4 како министерот Ташковиќ, министерот Самак, директорот на Агенцијата за развој и инвестиции Виктор Мизо, заменик министерот за земјоделие, колку средства им исплативте до сега, врз основа на која одлука.

Потврда на ова дека нашето спротивставување дека тоа не треба да биде приоритет на Република Македонија и дека избраните и именуваните функционери од Владата на Република Македонија, од ова Собрание кои доаѓаат од странство не треба да имаат таква привилегија заради тоа што парите што граѓаните ги даваат, како што вие велите, плаќаат даноци и вашата оценка дека граѓаните се пресреќни заради тоа што можат да плаќаат даноци, со што јас не се согласувам со ваквата ваша оценка и не знам на што се базира, ако ги прашате граѓаните дали се пресреќни дека плаќаат даноци за да плаќате за одржување на имотите на избраните и именуваните функционери кои се наоѓаат во странство, јас сум убедена дека ќе ви кажат не. Дека сме имале право и дека вашата реакција, вклучително и реакцијата на вашиот заменик министер кој, морам да кажам, кога го отворив ова прашање на Комисијата за образование, наука и спорт, воопшто не знаеше дека постои таков член во Законот за извршување на Буџетот и реагираше прилично бурно и несоодветно.

Дека сме биле во право и со право сме сметале дека таква привилегија не заслужуваат ваква мала група на избрани и именувани функционери покажа и решението на Уставниот суд кој не информираше, со оглед на тоа што ние бевме иницијатори, не информираше дека се поведува постапка за оценување на уставноста на членот 12 од Законот за извршување на Буџетот, со кој што се дозволува да се плаќаат надоместоците за одржување на имотите во странство на оние избрани и именувани функционери кои пред денот на избори и именување живееле во странство.

Според судот, од уставно - судската анализа произлегува дека во основа со оспорената одредба од Законот за обезбедува плаќање на посебен надомест како ексклузивно право на одредена група функционери од централната власт за приватни намени. Значи, потенцирам, одредена група функционери од централната власт од Буџетот користат ексклузивно прво на посебен надомест за приватни намени кои општо се однесуваат на одржување на нивните имоти во странство и долговите на тоа одржување, при што тој надомест е предвидено да се исплаќа од средствата на Буџетот на Република Македонија, односно да биде финансиски товар на граѓаните и другите субјекти, од кои се реализира Буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, тоа го доведува во прашање суштинското остварување на целите на Законот за извршување на Буџетот, кои опфаќаат наменско рационално, економично и ефикасно користење на буџетските средства, а со тоа правна интенција и формулација на оспорената одредба од Законот, не обезбедува правна сигурност на граѓаните, што е елемент на уставниот принцип на владеење на правото согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот. Судот оценил дека не може, а да не се има предвид дека и делувањето на Владата за постигнување на тие цели е прашање на изборот на стратегијата на Владата која функционира со своите избрани и именувани функционери од централната власт во властите од своја надлежност за кои треба да оствари и резултати. Меѓутоа, законот треба да постави баланс на правата и обврските врз основа на кои Владата на Република Македонија ќе ги димензионира своите делувања и при тоа таа е должна да се движи во тие рамки, а не да ги креира самостојно со подзаконски акт, на што упатува во случајот и оспоредната одредба од Законот. Имено, овластувањата кои со оспоредната одредба се даваат на Владата, според судот, упатува не само да ја определи со своја одлука висината на надоместокот, туку во тие рамки и позициите за кои се однесува одржувањето на имотот, што значи да ја определи и конкретизира намената на надоместокот. Од овие причини, судот оцени дека треба да поведе постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот. Дали господине Трајко Славески после конечната одлука на Уставниот суд, дали сте подготвени да ја сносите политичката одговорност заради ваквото решение, заради кое и тогаш реагиравме и ве уверувавме, се обидувавме да ве убедиме дека не постои основа за постоење на ваков член во законот, меѓутоа, вие имате обврска исто така да ни одговорите, врз основа на која одлука сте им исплатиле средства на избраните и именувани функционери, сега знаеме за Самак и Ташковиќ, не знаеме колку средства и дали добиле средства Виктор Мизо и Димишкоски, заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, дали сметате дека е ова клучно прашање и приоритетно прашање кое меѓу другото треба да го засега Буџетот и дали треба сеуште да одвојувате средства во Буџетот за ова, односно што ќе се случи откако Уставниот суд ќе ја донесе ваквата одлука, дали ќе ги натерате избраните и именуваните функционери на кои сте им исплатиле средства за одржување на нивните имоти во странство, дали ќе треба да ги вратат и дали ќе гледаме хајка во медиумите, дали ќе

имаме наслови со големи букви со кои ќе се информира јавноста дека се експроприра нивниот имот заради тоа што незаконски земале средства и неуставно земале средства од Буџетот на Република Македонија.

Очекувам од вас одговор, затоа што вие со овој ребаланс, меѓу другото, го должите и тоа да кажете каде до сега и колку до сега се исплатиле такви средства како министер за финансии и колку дополнително сте определиле до крајот на 2007 година. Меѓу другото, треба да ми одговорите дали сте задоволни од активноста на некои од овие министри, чија што единствена улога е потрага по странски инвестиции. Господинот Самак и господинот Ташковиќ не сме ги виделе речиси во Македонија, само можеме да слушнеме за некои од нивните нови дестинации, меѓутоа, до сега не сме виделе ама баш никаков ефект од нивната работа. Прилично е интересно дека во секоја влада на ВМРО-ДПМНЕ станува збор или се појавува некаква милијарда. Од 1998 година до 2002 година беше милијардата на Циле, од 2006 година е актуелна милијардата на Самак. Самак, министерот Самак вети дека до 1 јуни ќе обезбеди една милијарда странски инвестции во Република Македонија, меѓутоа нема никаков развој на настаните и претпоставувам дека таа милијарда на Самак има ист епилог како милијардата на Циле. Потврда за неуспешноста на Самак и на Ташковиќ е и фактот дека Владата дополнително формира тим Македонија кој што почна диреквна кампања за презентација на земјата како инвестициска дестинација, во која е вклучен премиерот, во која е вклучен вице премиерот за економски прашања Зоран Ставрески и јас се прашувам нели е тоа истата кампања за која ги плаќаме Самак и Ташковиќ. Нели е тоа истата кампања заради која што ги донесовме Самак и Ташковиќ и заради која што државата и граѓаните плаќаат за одржување на нивните имоти во странство. Кој ќе ја сноси политичката одговорност за неуспехот, заради тоа што со формирањето на ваков тим Македонија за диреквна кампања и за презентирање на инвестициската можност во Република Македонија, вие практично признавте неуспех на кампањата “Инвест ин Маседонија”. Меѓутоа, вие не дадовте отчет за кампањата пред граѓаните, граѓаните кои ја финансиираат со плаќањето на даноци, за што сте вие обврзани да ги информирате дали нивните пари отишле на вистинското место и дали и како е ефектот од ваквите кампањи.

Она што може да се заклучи од Буџетот, за жал, континуитетот на политиката на ВМРО-ДПМНЕ за дезидеологизација на Република Македонија. Континуитет на ВМРО-ДПМНЕ за промовирање и правење шминка во јавноста дека нешто се прави во Република Македонија без реален показател дека нешто навистина се случува. Никој не поверува во 7% од бруто домашниот производ, затоа што тоа е потполно контрадикторно со зголемувањето на бројот на невработени во истиот период од една страна и од друга страна, со отворањето и со интензивирањето на отворањето на народни кујни во Република Македонија, ако толкав е растот на бруто домашниот производ, од каде потребата за отворање на народни кујни. При таков раст на бруто домашниот производ реално би требало да очекуваме зголемување на бројот на работни места и зголемување на стапката за вработување. За разлика од тоа, како што зборуваше господинот Марјанчо Николов, ние имаме за прв пат зголемување на бројот на невработени виза ви бројот на вработени во Република Македонија.

Јас не ја разбирам потребата од еуфоричност дека до сега имаме најголем буџет во Република Македонија, заради тоа што тоа зборува за нешто сосема друго и сосема контрадикторно од она што го промовира или она за што Владата ги троши народните пари за привлекување на странски инвестиции, заради тоа што со зголемување на државната интервенција во економијата практично ја суспендира и не ја потегнува приватната иницијатива, а тоа можевте да го слушнете од коментарите на експертите. Меѓутоа, вие со таков гест само покажувате дека имате потреба да контролирате се, освен институциите да го контролирате и развојот на економијата преку државни интервенции, да интервенирате на тој начин само во развој на оној сегмент во кој вие лично ќе имате интерес и да се фокусирате единствено на кампањи кои ќе го величат неговото величество премиерот. Ако тоа не е така, ако тоа не е во насока на дезидеологизација која што ја промовирате цело време од почетокот на вашиот мандат, што беше најизразено преку Законот за државни празници, па потоа Законот за државни награди, промовирањето на вашиот партиски празник 23 октомври како државен празник во Република Македонија и уште повеќе, промовирање на 23 октомври како ден кога треба да се доделува државната награда, државна награда паралелна на онаа што веќе постои. Ако тоа не е приоритет, меѓу другото, и на овој Буџет, тогаш јас се прашувам зошто Министерството за култура објави конкурс за изработка на идејно - ликовно решение за диплома и плакета за државната награда 23 Октомври, во која се доделува награда од 120.000 денари за пропозициите за трудот кој што ќе добие на конкурсот и еден откуп од 30.000 денари. Јас ќе ви кажам што ќе се случи, она на што предупредувавме и кога дискутиравме за овие закони. Ова треба да биде сатисфакција дополнителна на некои член на ВМРО-ДПМНЕ, кој што не сте успеале до сега да го вработите заради тоа што не е роднина, близок пријател, на некој од министрите во Владата и ова би требало да биде некоја дополнителна сатисфакција на некои од членовите како компензација за услугите што ги направил во ВМРО-ДПМНЕ, награда од 120.000 денари и еден откуп од 30.000 денари. Ќе се согласите, можеби и не, не очекувам вие да се согласите, меѓутоа, мислам македонската јавност ќе се согласи дека граѓаните не одвојуваат средства да плаќаат даноци, не одвојуваат средства да го полнат Буџетот за да промовираме

партиски награди и за да добие некои партиски член награда која што ја заслужил по партиска линија, а не по државна. Ако беше буџет на приоритети, а не буџет кој што ќе биде во насока на дезидеологизација на Република Македонија, односно идеологизација по теркот на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш ние немаше да бидеме доведени во ситуација буџетот во образованието да биде зголемен најмногу во оној дел каде што се предвидува градење на спортски сали и тоа во високото образование најмногу заради фактот што фискултураната сала на Универзитетот во Штип, кој туку што ќе почне да функционира, треба да се вика "Јордан Мијалков". Македонските граѓани треба да знаат дека плаќаат даноци и го полнат Буџетот на Република Македонија за да изградат сала која што ќе го носи името на вујкото на премиерот. Ова е еден од потезите кои што оваа владеачка гарнитура ги прави во насока на идеологизација на Република Македонија. по теркот на ВМРО-ДПМНЕ.

**Љубиша Георгиевски:** Ако сакате после паузата да продолжите во 15,00 часот, ќе продолжите, вие сте на ред.

**Славица Грковска:** Благодарам, ќе продолжам во 15,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Паузата започна во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот).

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Ја замолувам колешката Грковска Славица да продолжи со својата дискусија. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе. Се надевам дека нема да изгуби ефект мојата дискусија од пред паузата. Се надевам дека нема потреба да ги потсетам пратениците за поентите што ги дискутирав пред паузата. Затоа ќе продолжам за она што Владата како политика ни го предлага со овој ребаланс на Буџетот. Значи, она на што се особено горди и министерот и Владата дека имаме еден од најголемите буџети во Република Македонија и дека имаме зголемување од речиси 90 милиони евра. Меѓутоа, интересное е, не е поентата да се каже дека имаме зголемување, многу е поинтересен фактот на што се прераспределени овие средства. Речиси 40 милиони евра одат на капитални расходи. Јас сега ќе посветам мало внимание на овој дел, заради тоа што оваа ставка од Буџетот обично е тема на дискусија при носење на Буџетот и се разбира дека е интересно да се дискутира при предлагање на ребаланс на Буџетот, заради тоа што капиталните расходи, практично претставуваат одраз на функционирањето на институциите и начин, односно го покажуваат начинот на кој што се трошат средствата на граѓаните на Република Македонија во инвестирање во области кои што се клучни за граѓаните на Република Македонија.

Благодарение на пратеничко прашање добивме Информација са реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Македонија во периодот јануари-април 2007 година. Оваа Информација е подготвена од страна на Владата на Република Македонија како заклучок од нејзината 51 седница одржана на 24 април 2007 година. Во оваа информација се разгледува степенот на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Македонија, по одделни буџетски корисници во спомenатиот период и доставен е во прилог Преглед на планираните и реализираните капитални расходи по одделни буџетски корисници.

Да ги потсетам македонските граѓани дека со Буџетот на Република Македонија за 2007 година за капитални расходи беа предвидени средства со вкупен износ од прилика 8,3 милијарди денари. Меѓутоа, она што е интересно дека во периодот јануари-април 2007 година за проекции од јавниот сектор се исплатени средства од само 13,09% од вкупно предвидените капитални расходи во 2007 година. Тоа е во согласност со Информацијата која што ја има доставено Владата.

Понатаму во Информацијата се вели: одредено влијание врз степенот на реализација на капиталните расходи имаше пред се, ненавременото донесување на соодветните програми од страна на буџетските корисници, согласно членот 39 од Законот за извршување на Буџетот.

Според овој член буџетските корисници кои се обврзани да изготват програми за користење на средства од Буџетот имаат обврска до Владата на Република Македонија да ги достават истите во рок од 30 дена од денот на објавување на Буџетот на Република Македонија, најдоцна до 30.01.2007 година.

Со оглед на нискиот степен на повлекување на средства за капитални расходи во периодот јануари-април 2007 година, а согласно член 7 од Законот за извршување на Буџетот, според кој буџетските корисници во период од шест месеци по донесување на Буџетот се обврзани да реализираат најмалку 30% од планираните капитални расходи во нивните буџети, да потсетам, наместо најмалку 30%, реализирани се само 13%, потребно е буџетските корисници навреме да ги подготват потребните програми, инвестиционо техничката документација и да распишат јавни тендери. Меѓутоа, доколку буџетските корисници не постапат согласно ставот 1 од овој член, неискористените средства до пропишаниот лимит министерот за финансии ги пренесува во разделот на Министерството за финансии.

Исто така Владата на Република Македонија на 51-та седница заклучи, средствата и другите буџетски корисници да го зголемат процентот на реализација на планираните расходи, со тоа што во периодот до 30.06.2007 година да реализира 40% од планираните капитални расходи во нивните буџети.

Интересно е што во најнизок степен на реализација на капиталните расходи, гледано одделно по министерства се Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Министерството за економија и Министерството за транспот и врски. Значи, сите оние министерства кои што можат да бидат клуч и треба да бидат клуч за инвестиции и овозможување на клима за инвестиционен развој со Република Македонија, не си ја извршиле својата обврска. Меѓутоа, со ваквата Информација и со ваквите резултати, ние немавме можност да се запознаеме на отворена седница на Влада, која што директно ќе се пренесува на Собранискиот канал. Ние немавме можност да видиме прес конференција на премиерот Груевски заедно со сите министри, на која што ќе ги информира граѓаните на Република Македонија дека во првиот квартал од 2007 година неговата Влада, неговите министерства и неговите министри се покажале неуспешни во користењето на буџетските средства за капитални расходи во вистински инвестиции. Тоа ние не го видовме. Убедена сум дека нема ни да го видиме, заради тоа што се што можеме да видиме на тие прес конференции до сега е само замајување на јавноста со непостоечки резултати и со промовирање на политика ќе. Она што го слушаме и после една година од Владата тоа е политика ќе. Ќе направиме, ќе инвестираме, ќе изградиме, ќе договориме, ќе помогнеме технички на ДУИ кога ќе излезе од Собранието, а после ќе договараме со ДУИ, па не бил договор, бил записник и тн., да не навлегувам во други сегменти од политиката.

Она што за мене е интересно и може да се коментира од различен аспект е што Владата го разреши директорот на МЕПСО, Туневски заради неодговорно работење. Меѓутоа Владата не покрена никаква иницијатива за одговорност на министрите во овие министерства, заради тоа што не ја оствариле законската обврска, заради тоа што се покажале неуспешни во реализацијата на проектите и реализација на оној дел што се вика апитални расходи во Буџетот на Република Македонија.

Јас се прашувам зошто е тоа така. Дали во Владата се практицира одговорност со различен аршин. Дали господинот Чинговски, само заради позицијата и релациите кои што ги има, нема да сноси одговорност заради 500 илјади евра кои што ги даде како спонзорства и покрај тоа што Надзорниот одбор, кој што оваа Влада го именуваше, укажа дека има неправилности во работењето и го смени Надзорниот одбор, затоа што укажа на неправилности, наместо да го смени Чинговски од една страна, а од друга страна го менува директорот на МЕПСО по налог на Чинговски, затоа што претпоставувам дека се противел на некои политики кои што господинот Чинговски очигледно сака да ги промовира во енергетската политика, а кои што не одат во насока на интерес на граѓаните, туку претпоставувам, финансирање на одредени кампањи. Зошто не преземете како Валада политичка одговорност за сите овие министерства, да дочитам, тука се и Министерството за култура, Министерството за одбрана, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика. Зборуваме за реформи, зборуваме за инвестиции во образованието, зборуваме за градење на спортски сали, меѓутоа, во првиот квартал реализација на капиталните расходи во Миистерството за образование и наука се само 5,49%. Катастрофа.

Капиталните расходи и нивната реализација во првиот квартал на Министерството за труд и социјална политика, се 8,38%. Ова се прашања за кои што должите одговор како Влада на Република Македонија пред јавноста, затоа што не е доволно само да кажете дека го зголемувате Буџетот, треба да кажете зошто сте покажале неуспех и кој ќе ја сноси одговорноста заради ваквото неуспешно реализирање на капиталните расходи и неуспешно реализирање на Буџетот на Република Македонија. Интересно е што во Буџетот може да се забележи дека во делот кај Министерството за труд и социјална политика, единствениот приоритет што ова Министерство го има е зголемување на ставката за заштита на борци и воени инвалиди. И покрај тоа што министерот за труд и социјална политика излезе и негираше дека тоа е ставка за која што и господинот Слободан Најдовски, меѓутоа и господинот Матоши сугерираше и укажа дека станува збор за компензација на борците на ОНА, за поранешните припадници на ОНА, останува фактот дека и покрај намалувањето за пет милиони денари од вкупниот буџет на Министерството за труд и социјална политика, каде што има намалување и во делот за општествена заштита на децата и во делот за дејноста на детските градинки и во делот на социјалната заштита и во мерките за намалување на сиромаштијата, станува недемантиран делот од извештајот на парламентарната Комисија за труд и социјална полтика, во која што се вели дека зголемување во износ од 18 милиони денари има во Програмата за заштита на борци и инвалиди, што очигледно произлегува од постигнатиот договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ за згрижување на поранешните припадници на ОНА. Ова не може никој да го демантира, затоа што на таа седница на Комисијата за труд и социјална политика, ова меѓу другото беше речено од пратеник од парламентарното мнозинство и ова меѓу другото, не беше демантирано ни од заменик министерот за труд и социјална политика кој што беше присутен, меѓутоа, ниту од претставникот на Министерството за финансии. Од ова не можете да побегнете.

Станува загрижувачки фактот дека за оние прашања кои што за Република Македонија би требало да бидат приоритет, имаме рапидно намалување на ставките. Намалување на буџетот

за судските реформи, а имаме обврска, која што сме ја преземале и јас не би сакала да се повторувам со моите колеги за значењето на спроведувањето на судските реформи, кое што мора да го направиме. Имаме намалување во ставката кај Државната комисија за спречување на корупцијата и морам да признам не сум многу изненадена, затоа што оваа владеачка гарнитура покажа дека борбата против корупцијата, протв организираниот криминал важи само доколку треба да се справи со некој кој што има спротивно размислување од Владата и од премиерот Груевски. Тоа го покажа примерот со Рубин Заревски, примерот со господинот Докиќ, покажа нешто сосема друго. Министерката за внатрешни работи, која што излезе и кажа пред целата јавност дека има несоборливи докази против господинот Докиќ, наеднаш се соочи со фактот на преименување на обвинението и наеднаш се соочи со фактот на исчезнување на клучниот доказ, нешто за што оваа Влада и премиерот Груевски на заедничка прес конференција, заедно со сите министри би требало да ја информира јавноста зошто е тоа така. Дали е поентата само етикетирање на одредени личности, за да се девалвира нивниот углед во општеството. Дали е поентата привид во борбата против организираниот криминал и корупција за да може безпречено кругот околу Груевски да врши и организиран криминал и корупција, меѓутоа, зарди таквата маска во јавноста дека Владата се бори против корупцијата и организираниот криминал, практично да не биде обвинет.

Јас уште кога ја биравме Владата кажав дека оваа Влада нема искрена намера во борба против корупцијата, затоа што премиерот Груевски си го назначи својот братучед како директор на ДБК, другиот братучед во Царината и го затвори кругот кој што ќе му овозможи непречено функционирање на капиталот и во фамилијарни рамки се разбира, дека нема искрена намера кога станува збор за решавање на конфликтот на интереси, заради тоа што ја суспензира и Антикорупциската комисија, со тоа што Михјало Маневски го стави минситер за правда, заради тоа што успешно ја одигра улогата на прикривач на четирите стана кои што Груевски ги купи со само четири години стаж во мандатот кога беше министер за финансии во Владата на Љубчо Ѓорѓиегвски и за тоа мораше да биде обештетен. Ја суспензира борбата против корупцијата, со тоа што ја стави Габриела Коневска, министер за евроинтеграции, од предводник на Транспаретност интернејшенел, една од невладините организации, која што прилично успешно работеше во разоткривање на конфликтот на интереси на борбата против корупцијата, за сега да има комплетна контрола врз Антикорупциската комисија и практично да бидеме во ситуација да не добиеме одговор за реалните прашања за конфликт на интереси, за непотизам, кои што ги поднесуваме до Антикорупциската комисија. Јас се прашувам дали Антикорупциската комисија е задоволна со ваквиот ребаланс во Буџетот и дали тоа ќе се одрази на нејзината работа, или тоа е начин на држење под контрола на Антикорупциската комисија, што оди во прилог на политиката на Груевски да ги контролира сите можни институции, вклучително и Парламентот, што за сега му успева, имајќи предвид дека од раководството на Парламентот, од претседателството на Парламентот, не наидува на голем отпор.

Фактот дека вие не водите искрена политика против конфликтот на интереси и непотизмот е тоа што после изгласувањето на Законот за конфликт на интереси и покрај тоа што се противевте на дефинирањето на поимот непотизам, заради тоа што не убедувавте дека знаете што е тоа регулирано во Законот, ниту еден од овие примери не беше разрешен, со што покажува дека Владата нема искрена намера да се справува сериозно со овој проблем.

Третиот сегмент во кој што има сериозно намалување, тоа е во Секторот за евроинтеграции. Ако политиката на Владата, односно ако Буџетот би требало да ги претставува приоритетите на Република Македонија, тогаш ако се гледа ребалансот на Буџетот во Секретаријатот за европски прашања, ќе се види дека Европската унија воопшто не е приоритет за Владата на Груевски.

Ребалансот на Буџетот во Секретаријатот за Европски прашања, ќе се види дека Европска унија воопшто не е приоритет на Владата на Груевски. Само таму имате намалување на средствата, платите само во овој сектор се намалени,за разлика од другите министерства, каде што има прилично зголемување. Меѓутоа, да ја информимрам админисрацијата дека тоа не е заради зголемување на платите, туку заради можноста за вработување на нови партиски кадри на ВМРО ДПМНЕ од типот на дечкото на министерката, сопругата на Бичиклиски итн. Значи, нема позитивно поместување во однос на клучниот индикатор вложување во финансирањето. Имаме намалување на платите што се должи на разрешување на речиси сите оние кои што практички работеа во делот за достигнување на кандидатскиот статус на Република Македонија и покрај тоа што имаше реакции од странските амбасади и покрај тоа што амбасадорот на Холандија кој е еден од најголемите донатори и помагачи на Република Македонија предупреди дека ќе ги сопре средствата за помош и за едукација на кадар кој ќе биде оспособен Република Македонија да ја приближи до европското законодавство, заради тоа што сите сменети и разрешени во овој сектор беа на усовршувње стипендирани од земји членки на Европска унија, или од Република Македонија имаа обврска да се вратат и да инвестираат во Република Македонија. И затоа е намалување делот за плати. Меѓутоа, она што е уште поинтересно и покрај тоа што ние треба да се подготвуваме за користење на ИПА фондовите, во делот учество на Република Македонија во програмите за ново соседство каде што се

избришани средствата кои што се дадени во Буџетот во 2007 година на 6 милиони, сега сме нула, значи учество на Република Македонија во програмите за ново соседство имаме во ребалансот предвидени средства нула, се одземаат 6 милиони покажува дека Владата во овој период не е подготвена за користење на европските фондови каде што кофинансирањето е задолжителна категорија. Со ова Владата покажува дека наместо да инвестира во подготовките за користење на ваквите програми и за учество на Република Македонија во ваквите програми, сеуште не можеме да почнеме заради тоа што Министерството за финансии не е спремно и тоа можеме да го направиме наместо од 1 јануари 2008 година, после август 2008 година заради тоа што Министерството за финансии сеуште не е подготвено и заради тоа што ги земаат средствата во оваа ставка. Тоа е уште еден сигнал дека Европска унија не е приоритет за Груевски и сите потези што ги прави Груевски наназад покрај сите предупредувања за позициите и за прашањата на кои што треба да се насочи Република Македонија за да може да го почне процесот на преговори, практички за Груевски не се важни. За Груевски се поважни кампањите за тоа колку работи Владата, колку е добра, за Инвест Македонија итн., шетањето по различни инвестиции, наместо суштинско одработување на работите, за работењето по 14 часа не значи ефективно работење, светилката може само да свети, а во просторијата можете да седите и да разговарате без да продуцирате никаков тек за државата. Значи, ваквиот третман кон СЕП може да зборуваат овие прашања. Немање доволно капацитет да се разбере што значи во суштина членството на Република Македонија во Европска унија, прво, второ, немање доволно иницијативност и резултат на вицепремиерот за европски прашања со што процесот целосно се маргинализира. Со вакво маргинализирање на СЕП ние нема да имаме успех во нашата политика кон приближување кон европското законодавство и промоција на Република Македонија, обезбедување на почеток на преговори со Европска унија. Понатаму, она што боде очи во СЕП е што единствено е зголемена ставката за договорни услуги. И јас се прашувам зошто е тоа така. Дали треба да се ангажираат дополнително некои лица по партиски принцип кој што ќе се плаќаат од џебот на граѓаните на Република Македонија без никакви критериуми, единствено партискиот критериум, без да има некаков ефект, освен нивното сместување во државните институции покрај обврската за намалување на јавната администрација, за реформа на јавната администрација што подразбира мала ефикасна администрација која што ќе биде професионална, професионално ќе одговара на обврските за сметка на партиска, или партизирање на администрацијата која што прилично успешно во секој мандат го прави ВМРО ДПМНЕ. Тоа го покажува и вработувањето на дечкото на министерката за внатрешни работи кој патем речено е член на Управен одбор на едно од јавните претпријатија, ако не сте знаеле. Тоа што е интересно е што во ставката за Влада на Република Македонија е зголемена ставката за договорни услуги од 234 на 588 милиони. Владата која што прокламира дека работи транспарентно, дека ја информира јавноста за тоа што сработува ги зголемува во секоја ставка на Буџет, во секој дел на Буџетот во речиси сите минисерства ја зголемува најнетранспарентната ставка за договорни услуги во која што никој не знае за што ќе бидат трошени, никој не знае за која намена ќе се користат, за која цел. И за сметка на тоа до сега ние не сме добиле отчет за што досегашните средства кои што биле определени во договорни услуги се користени. Меѓутоа, за ова, за вакво рапидно зголемување на ставката договорни услуги имате обврска да ја информирате јавноста. Дали македонските граѓани треба да плаќаат за кампањите кои што ќе го величат премиерот Груевски, да покаже дека нема подобар од него и нема подобро решение за проблемите на граѓаните и покрај тоа што лично граѓаните не почувствувале подобрување на економската ситуација.

Сега да одиме на делот за образование. Да ве потсетам дека едно од ветувањата кои што не ги исполнивте од програмата 100 чекори на Владата и покрај тоа што милувате да правите прес конференции, да бидете транспарентни само тогаш кога преземате нешто и дека не го исполнивте ветувањето од 1 јануари 2007 година во Буџетот да одвојувате 5% од бруто домашниот производ само за образование. Буџетот за образование, овој ребаланс е незначително зголемен. Меѓутоа, не е важно само да биде зголемен, важно е каде се лоцирани средствата кои што дополнително сте ги зголемиле. Сте ги зголемиле оние средства кои што тврдевте дека нема воопшто да ги зголемувате и дека ќе имате ставка нула, а тоа е купување на мебел, опрема, возила, машини, итн. Сте ги зголемиле средствата за договорни услуги, повторно секторот за образование не е ништо поразличен во овој дел од другите сегменти во Буџетот, тоа веќе го кажав. Сте ги зголемиле средствата во ставката за средно образование за разни трансфери, уште една прилично не транспарентна ставка, за која што никој не знае за која намена одат. И се разбира сте ги зголемиле ставките за научни институти, претпоставувам заради институтот за културно наследство на Албанците. Меѓутоа, воопшто не е зголемена ставката за научно истражувачка работа, за реконструкција на студентски домови, за реконструкција на факултетски згради, за ученички стандард, итн., меѓутоа за сметка на тоа средствата во Буџетот од страна на Владата на Република Македонија кои го тангираат образованието, се посветуваат на кампања за која што Владата на Република Македонија објави меѓународен отворен повик, кампања за поднесување на понуди за вршење услуги, за осмислување и реализација на кампањата за промоција на значењето и ефектите од

образованието насочена кон родителите, наставниот кадар, учениците и јавноста. Значи, за осмислување и реализација на кампања за промоција на значењето и ефектите од образованието која ќе биде насочена кон родителите, наставниот кадар, учениците и јавноста. Оваа кампања Владата предвидува да трае шест месеци. И имајќи во предвид дека е насочена меѓу другото и кон наставниот кадар покажува дека Владата смета дека нашиот наставен кадар не е доволно свесен за значењето и ефектите на образованието, па мора да организира кампања со која што ќе им ги отвори очите на наставниците за да им укаже каква е нивната улога и колку е важно образованието. Наставниот кадар кој што целиот свој работен век го посветил промовирајќи колку е важно образованието, вложувајќи го својот труд во идните кадри кои што треба да придонесат за Република Македонија и во најмала рака за нивно описменување, наставниот кадар кој што меѓу другото и нас не образувал и благодарение на кој сме постигнале нешто во животот заради нивното насочување меѓу другото. Сега се доведува во ситуација после толку години труд да биде окарактеризиран дека не е свесен за значењето и ефектите на образованието. Мислам дека поголем пораз за наставниот кадар нема. Покрај малите плати, покрај условите во кои што работат, најголема сатисфакција на наставиот кадар до сега беше признанието дека најголемиот дел од нив добро си ја вршат работата. Со овој повик за почеток на ваква кампања и тоа им го одземаа. Јас не познавам родител кој што не е свесен за ефектите на образованието. Јас познавам родители кои што и покрај тоа што се свесни за ефектите и значењето на образованието, не се во можност материјално да ги издржат сите финансиски импликации кои што образованието на нивното дете ги носи. И покрај тоа што и согласно Уставот основното образование е бесплатно, а сега согласно законот прашање е колку е тоа уставна категорија и средното образование ќе биде бесплатно. Јас за тоа прашав, дали сте спремни? Вие потврдивте дека останува тоа да се види, дали навистина сте подготвени за бесплатно основно и средно образование, заради тоа што не покажавте дека бесплатно основно образование во вакви услови сте подготвени и можете да го издржите, а уште повеќе дополнително и бесплатно средно образование. Значи, ставката која што се зголемува исто така е во промоцијата на кампањата за изградба на спортски сали и во високото образование. Меѓутоа, тоа не би било воопшто лошо доколку не сме во ситуација на немање проекција на реконструкција на постојните сали дополнително со изградба на нови и доколку вистинската победа за изградба на фискултурни сали на државните универзитети во Република Македонија не е еден од државните универзитети, тоа е Универзиетот во Штип, салата која што ќе ја добие да го носи името на војкото на Никола Груевски. Таква ли политика треба да промовираме во образованието и во Република Македонија? Партискиот празник го направивте државен, ќе доделувате партиска државна награда, ќе ги вработуваме братучедите и ќе ги назначуваме за функционери братучедите на Груевски, роднините и пријателите на Груевски, ќе ги вработуваме роднините, пријателите, дечковците на министрите и ќе градиме сали кои што ќе го носат името на вујкото на Груевски. Јас се прашувам уште колку роднини има Груевски кои што треба да се удомат, уште колку роднини има заради кои што ќе треба да правиме кампањи за изградба на сали, само колку да прикриеме дека не е искрена намерата, туку да се протне едно вакво решение со кое што претпоставувам Груевски ќе се гордее дека го направил за своето семејство.

Значи, да резимирам. Ова не е ребаланс на Буџетот кој што е одраз на приоритетите на Република Македонија. Одраз е единствено на потребата на Груевкси, на ВМРО ДПМНЕ и на нивните приврзаници да инвестираат во кампањите, да ги трошат парите на граѓаните во кампањите кои што ќе промовираат бессмислени промоции на министрите и на Владата кои што нема да имаат никаков ефект, а за кои што ние како Собрание, ниту пак македонските граѓани ќе добијат извештај какви се ефектите од нив. Тоа го зборува фактот дека после една година од промовирањето на Веле Самак и Глигор Ташковиќ во трагачи по инвестиции низ белиот свет за што Република Македонија, односно македонските граѓани им плаќаат за одржување на нивните имоти во странство. Влдата формира нов тим Македонија за истата цел, со што практички го признава неуспехот на кампањата Инвест Македонија и ја признава неспособноста на овие два министри кои што ги донесе од странство само за таа намена, заради тоа што како што реков во секој мандат на ВМРО ДПМНЕ има по некоја милијарда, од 1998 до 2002 година тоа беше милијардата на Циле со комплетен дебакл, сега е тоа милијардата на Самак која што требаше да се појави до 1 јуни 2007 година, а која што никаде ја нема и премиерот заедно со цела Влада не излезе на прес конференција да објасни, на заедничка прес конференција да објасни зошто нема такви ефекти кампањата за која што беа одделени голем дел од средствата од Буџетот на Република Македонија кои што можеа многу подобро да се искористат. Наместо буџет на приоритети, имаме буџет кој што парите на македонските граѓани ги користи за продолжување на идеологизација на Република Македонија по теркот на ВМРО ДПМНЕ, затоа што од овие пари се инвестираат и се отвораат, се финансираат конкурси за државни празници кои се партиски државни празници, се финансираат кампањи, смислени кампањи, а исто така се финансира изградба на спортски сали што ќе го носат името на вујкото на Никола Груевски. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и вам.

За реплики, претпоставувам, прва за реплика е пратеник госпоѓа Авировиќ Владанка. Повелете вашите три минути.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе.

Една од моите реплики ќе биде насочена кон двочасовното узурпирање на времето во голи политички фрази, идеологии, бледи искази, најмалку употребени во денешната расправа за Буџетот. И, ќе поверував дека навистина колешката е многу загрижена како се трошат парите на граѓаните, до колку ја слушнев во еден момент да каже каков став има кон 111 милиони евра потрошени од нејзините колеги кои беа претходно министри и сегашни колеги пратеници, 111 милиони евра во незаконско и несовесно работење и во незаконски јавни набавки, со кои што се протежираат фирми блиски до власта. Тогаш ќе поверував дека навистина се грижи и тогаш и сега. Ама, грижата тогаш отсаствува, сега одеднаш се појавува некоја грижа.

Не се секирајте колешке, секоја влада и секоај власт на крајот на својот мандат дава отчет за тоа што го работи. Стратегијата штоја поставува не е во една година. Се води во 4 години.

Ниту еден збор кажав за компаративна анализа помеѓу претходниот период 2006 и сега 2007 година со ребалансот. Макроекономската стабилност дали е запазена? Колкаво е индустриското производство како раст? Дали тоа и во каков обем влијае на БДП на Република Македонија? Дали ќе успееме да задржиме 7% на раст што сега се случи? Соодветниот баланс на префрлање на пари по министерствата, не е точно дека по министерствата не се соодветно префрлени или унапредени некои делови од Министерството за надворешни работи, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Па ние, во претходниот период во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ама баш никакви средства немавме префрлено. Сега сигурно ќе бидете убедени дека политиката и со претходниот Буџет и со ребалансот се води кон тоа да максимално се унапреди земјоделието. Меѓутоа, кажавте една невистина во поглед на трошењето за ИПА фондовите. Ние чекаме акредитации, како што знаете, како да одвоиме сега средства кога нема уште добиено акредитација од ИПА фондовите. Секако дека тоа влијае.

Уште една работа што ја спомнавте, тоа беа капиталните расходи. Прочитајте го и конечниот Извештај 1003 составен дел на овој ребаланс, ќе видите некои споредбени анализи што не успеавте да ги кажете сега. Извршивте само сегментарно вадење на еден определен период од три квартали, меѓутоа прочитајте го конечниот Извештај, ќе ви биде појасно.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колешке.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Салвица Грковска:** Благодарам.

Мислам дека ваквиот настпа практично покажува дека вие бегате од одговорноста.

Социјалистичката партија и вие како пратеник во Социјалистичката партија сте дел од власта и ја имате најголемата одговорност во државата. Ја имате одговорноста за непотребните кампањи, за што се трошат средства од граѓаните без никаков ефект, а во функција на промоција на Никола Груевски и на неговото величество премиерот.

Не кажавте дека она што го зборував е Инфорамција од Владата и Владата само признава дека нема успех во реализација на капиталните расходи во прaction квартал, за што би требало најмногу да бидете загрижени како еден од претставниците на парламентарното мнозинство.

Не може да очекувате пратениците од опозицијата да зборуваат она што вие очекувате да слушнете. Уште да дојдеме во фаза да диктирате и да ни кажувате што треба да зборуваме на говорницата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика пратеник господин Грозданов Цветко, повелте.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас би напомнал и би реплицирал за колешката Грковска, сметав дека на почетокот ќе биде конструктивна и ќе даде некои позитивни видувања. Но, фактот дека само тајнингот треба да се исполни од подолго време или зборување со празен говор од говорницата, го кажува следното:

На 25.07.2007 година госпоѓице Грковска, до колку сте со кратко паметење, господинот Марк Грифит даде позитивно за финансиската стабилност на Република Македонија. Би напомнал едно нешто од што сум премногу фрапиран од вашето изјаснување.

Господинот Јордан Мијалков пред се беше жртва на осамостојувањето на Република Македонија и системот на комунизмот. Така што, пред се беше министер за внатрешни работи на Република Македонија, а подоцна беше вујко на некого.

Така што, би требало да се извините и да се засрамите од изнесувањето на ваквите факти.

Околу образованието, ќе се навратам повторно. Зборувате за некое бесплатно образование, во кое што ниту вие од 17 години владение или владеење како социјалдемократи во Република Македонија, а сте социјалдемократи, се прокламирате како социјалдемократи, ниту еднаш не снајдвоте можност и сила на основците, што беше задолжително основно образование, да им овозможите бесплатни учебници. А, сега зборувате за средното и за основното. Оној модел што го затекнавме ние и понатаму ќе се трудиме да го надоградуваме.

Госпоѓице Грковска вие сте претседател на Комисијата за образование и е срамота да изнесувате одредени невистини и факти на говорницата од ова Собрание. Должите

извинување на македонската јавност заради вашите паушални изјави.

Ќе напомнам само дека од Буџетот, што е во 2006 година 15,7% припаѓаат на образованието, во 2007 година госпоѓице Грковска 16,7% од Буџетот, од средствата на Буџетот припаѓаат на образованието. Или, поточно, ако сте заборавиле, ќе ве потсетам дека од БДП 2,50 во 2006 година припаѓаа од БДП, додека 3,66 во 2007 година. А, да ве потсетам во 2005 година оваа ставка беше многу, многу помала. Знаеме дека во образованието не тече мед и млеко. Но дека ситуацијата од година во година се подобрува. Особено оваа 2006 и 2007 година. Имавте време да докажете и покажете колку умеете. Вие ништо не кажавте за образованието и немате право да го застапувате образованието, да го застапувате од говорницата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Салвица Грковска:** Прво, да демантирам една класична невистина што цело време ја промовираат ВМРО-ДПМНЕ дека СДСМ е 17 години на власт. Тоа не е точно.

Од 1990 до 1992 година, од 1998 до 2002 година и од 2006 година па наваму ВМРО-ДПМНЕ е на власт. И, за тоа треба да сносите одговорност. Значи, до сега 10 години СДСМ билна влст, 7 години ВМРО-ДПМНЕ. Речиси подеднаква одговорност за состојбите во државата. Да не зборувам за она што како ВМРО-ДПМНЕ го направивте во мандатот од 1998 до 2002 година.

Не зборуваме за...

(Дофрлање од место, а претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Има други личности кои придонеле за делото и за националните интереси на Република Македонија. Меѓутоа, врв на крајна хипокризија е премиерот да одвојува пари во Буџетот за градење на спортска сала што ќе го носи името на неговиот вујко.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

(Вербална расправија помеѓу пратениците Мите Грозданов и Славица Грковска).

Полека колеги, полека, нема потреба.

Продолжуваме со расправа.

(Вербалните дофрлања продолжуваат).

Има збор пратеник господинот Серафимов Влатко, повелете.

(Вербалната расправија продолжува).

Колеги, можете и надвор да се договорите околу тоа.

(Дофрлувањето продолжува).

Колеги, ве молам, колеги, можете и надвор тоа да го размотрите.

(Дофрлувањата продолжуваат, а пратеникот Влатко Серафимов чека на говорница да говори).

Колеги, ве молам да му овозможиме на следниот дискутант. Полека, нема потреба да ја вжештуваме атмосферата.

Јас се извинувам колега, можете сега да земете збор и да дебатирате. Повелете.

(Вербалната расправија продолжува)

Се извинувам колега, само да се консултирам со службите во што е проблемот.

10 минути, колега, пауза, само да видиме во што е проблемот. Се извинувам повторно.

(Паузата е дадена од 16,02 до 17,06 часот поради прекин во напојувањето со електрична енергија).

Почитувани колеги, бидејќи и така не зрачиме надвор од Собранието, овде завршуваме за денеска.

Утре во 11,00 часот имаме нова 61 седница. По завршување на 61-та седница продолжуваме со 55-тата седница, односно со ребаланс на Буџетот. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,07 часот)